Александар ДОНСКИ

АНТИЧКО-МАКЕДОНСКИТЕ ИСТОРИЧАРИ И НИВНИТЕ ИЗГУБЕНИ ДЕЛА

Александар ДОНСКИ

АНТИЧКО-МАКЕДОНСКИТЕ ИСТОРИЧАРИ И НИВНИТЕ ИЗГУБЕНИ ДЕЛА

Издавач
МНЛД „Григор Прличев“ - Сиднеј
P.O. Box 227 Rockdale N.S.W. 2216 - Australia

За издавачот:
Душан Ристевски

Корица
Александар Донски

Copyright by Aleksandar Donski
National Library of Australia card number and
ISBN 978-0-9876019-6-4

Штип – Сиднеј 2016 год.

НАМЕСТО ВОВЕД

Во нашата јавност е малку познато дека постоеле автохтони античко-македонски историчари кои своевремено биле автори на значајни историски дела. За жал, ниту едно од овие дела денес не е сочувано. Единствено постојат антички сведоштва од други автори (нивни современици или подоцнежни автори) за античко-македонските историчари и нивните дела. Всушност, добар дел од сведоштвата за античките македонски историчари се наоѓаат во приватната колекција на германскиот професор Феликс Јакоби (1876 - 1959). Тој бил професор по класична филологија во Киел од 1907 до 1935 година. Во 1939 година се преселил во Оксфорд, каде продолжил со работа. Во текот на својата кариера успеал да собере неколку илјади фрагменти од оригинални текстови од антички автори. Меѓу нив има и такви автори кои сведочеле за постоењето на извесен број античко-македонски историчари. Македонската етничка припадност на овие историчари се препознава според придавката "Македонецот" која некои од нив си ја додавале на своите имиња или според името на македонскиот град од кој потекнувале

Благодарение на проф. д-р Марија Емилија Кукубајска, во 2008 година збирката на проф. Јакоби беше откупена во електронска верзија, па врз основа на таму објавените податоци (од кои некои сè уште не се преведени ниту на англиски), ги детектиравме античките македонски историчари за кои во продолжение ќе пишуваме.

За различноста на античките Македонци во однос на Хелените

Пред да почнеме со основната тема на оваа книга сметаме дека треба да претставиме сведоштва и друг вид аргументација за разликите помеѓу на античките Македонци во однос на Хелените. Целта е да се знае дека овде претставените античко-македонски историчари биле припадници на посебен народ во однос наХелените.

За разликите помеѓу Македонците и Хелените постојат голем број докази во однос на различни културни сегменти. Ќе почнеме со јазикот. Ќе наведеме извесен број антички сведоштва кои укажуваат на посебноста на јазикот на античките Македонци.

Еден од овие докази претставува фрагмент од папирус, за кој се смета дека претставува дел од изгубеното дело под наслов „*Историја на наследниците*" од античкиот грчки историчар Аријан (кој живеел од околу 92 до 175 година по Христа). Во овој папирус(PSI XII.1284) јасно е потенцирана посебноста на македонскиот јазик. Овде пишува дека извесен Евмен, кој живеел во IV век пред Христа (цитат): „...*испратил напред еден човек, по име Ксение, кој зборувал македонски*..." за да преговара со Македонската војска.

Сведоштва за посебноста на јазикот на античките Македонци дал и античкиот хеленски историчар Плутарх (кој живеел од 45 до 120 година по Христа).

Во својата биографија за Евмен, опишувајќи го појавувањето на Евмен пред македонските војници, Плутарх запишал:

„*При првото видување на нивниот омилен генерал, војниците го поздравија на македонски јазик, заѕвечија со оружјето и со силни повици го предизвикаа непријателот*

да нападне, сметајќи дека тие се непобедливи додека тој беше на чело."

(На англиски: "...*On the first sight of the general of their heart**, the troops saluted him in the Macedonian language**, clanked their arms, and with loud shouts challenged the enemy to advance, thinking themselves invincible while he was at their head*." (Плутарх, 1-2 век). Преводот на Плутарх е направен од Џон и Вилијам Лангхорн во XVIII век. Овој превод се појавил во 1770 година).

Плутарх го спомнува македонскиот јазик и во својата биографија за Марко Антоние. Познато е дека по смртта на Александар Велики Македонски неговата империја се распаднала, а со нејзините делови останале да владеат неговите врвни војсководители. Така, на пример, неговиот војсководител, другар од детството (а според некои извори и полубрат) Птолемеј Први останал да владее со Египет и некои околни земји. Тој ја основал династијата Птолемеи, која останала да владее со Египет и по неговата смрт. Најпознат потомок на оваа македонска династија е славната египетска кралица Клеопатра Седма. Во Биографијата за Марко Антоние, Плутарх посветува поголем простор на ликот на Клеопатра. Притоа тој индиректно споменува дека нејзиниот мајчин јазик бил македонскиот. Плутарх пишува:

„*Беше вистинско задоволство да се слуша звукот на нејзиниот глас со кој, како инструмент со многу жици, таа преоѓаше од еден јазик во друг, така што, имаше само неколку барбарски народи со кои разговараше преку преведувач, додека со поголемиот дел од нив таа директно разговараше. Такви беа: Етиопјаните, Троглодите, Евреите, Арапите, Сиријците, Медите, Партијците и многу други, чии јазици таа ги научи. Тоа*

беше уште поизненадувачко затоа што повеќето од нејзините предци кралеви одвај се мачеа да го научат египетскиот јазик, а некои од нив прилично го запоставија и ***македонскиот*****(**на англиски "*Macedonian*". Преведувачот на Плутарх на англиски, Џон Драјден, живеел од 1631 до 1700 год.).

Ова многу значајно сведоштво од Плутарх зборува дека мајчиниот јазик на Птолемеите бил токму македонскиот јазик. Гледаме дека, според Плутарх, некои од нив (веројатно поради политички причини) го запоставувале македонскиот јазик на сметка на заедничкиот јазик *коине,* за кој исто така ќе пишуваме во продолжение. Но, Плутарх не пишува такво нешто и за Клеопатра, што значи дека таа си го задржала својот мајчин македонски јазик.

Постојат и други сведоштва од Плутарх во врска со посебноста на македонскиот јазик. Некаде околу 75 година по Христа, врз основа на постари дела, Плутарх напишал биографија на Александар Македонски. Во оваа биографија (глава 53), опишувајќи расправија помеѓу Александар Македонски и еден негов пријател, Плутарх запишал:

„*Александар... рипнал на нозе и почнал на македонски да ги довикува своите штитоносци, што беше знак за голема вознемиреност*".(Плутарх, 1994)

Ова сведоштво всушност се однесува на настанот кога Александар помислил дека животот му е загрозен од неговиот другар Клит со кого се расправале во пијана состојба. Во еден миг Александар помислил дека Клит сака да го нападне, па ги повикал своите телохранители (штитоношци) да го заштитат. Плутарх јасно пишува дека тој нив ги повикал на македонски јазик.

За да го објасниме значењето на ова сведоштво од Плутарх, потребно е прво да укажеме на неколку моменти.

Познато е дека официјален јазик во Македонската империја (па и во војската) за време на македонската доминација бил јазикот коине. Тоа бил мешан јазик, создаден од елементи од извесен број на јазици од народите кои биле во состав на Македонската империја. Освен зборови од хеленските дијалекти, во јазикот коине имало зборови и од македонскиот јазик, но и од други јазици. Овој јазик Александар го вовел заради практични причини. Веројатно тој бил свесен за веројатноста дека ќе наидел на проблем и отпордоколку се обидел сосила да го наметнува на разните народи во својата империја не многу познатиот стармакедонски јазик.

Значи, коине бил еден вид мешан (заеднички) јазик, кој бил форсиран и подоцна од македонските династии како универзален јазик во земјите со кои владееле, исклучиво заради полесна комуникација помеѓу различните народи.

Денес научниците се склони да веруваат дека јазикот коине всушност бил еден вид есперанто во тоа време. Како илустрација за ова ќе го спомнеме пишувањето на д-р Чарлс Френсис Потер, кој инсистира на фактот дека јазикот коине не бил никаков „чист" грчки јазик, туку дека бил еден вид есперанто - мешавина од повеќе тогашни јазици. Во врска со ова д-р Потер, во својата книга "*The Lost Years of Jesus Revealed";* пишува:

„...Коине (мешавина од различни јазици)... настанал како резултат на освојувањата на Александар Македонски на тогашниот познат свет. Коине...бил заеднички или универзален јазик на тоа време, еден вид есперанто, што се употребувал во конверзацијата, во комерцијалата и во пишувањето со векови пред и по првиот век по Христа..." (Poter, 1958, 1962).

Уште подециден е српскиот црковен историчар Веселиновиќ, кој во врска со карактерот на јазикот коине, уште во 1908 година, запишал во неговата книга *„Лекције из Светог Писма - Законске књиге Старог Завета”* дека

„Јазикот коине треба да го разликуваме од стариот класичен грчки јазик. Тој бил создаден во времето на Александар Велики како заеднички јазик за сите народи во Македонското царство. Бил наречен и како: заеднички или Александриски дијалект, бидејќи главно се развивал во Александрија. На тој јазик било преведено Светото Писмо во времето на Птолемеј Филаделф...” (Веселиновиќ, 1908).

Од ова може да се утврди заклучокот дека Александар со своите војсководители и војска (во која, иако доминирале Македонците, имало и голем број Хелени, Тракијци, Евреи и припадници на други народи), официјално комуницирал на јазикот коине.

Во мигот кога Александар помислил дека неговиот живот е во опасност, тој инстинктивно проговорил на својот мајчин јазик, на јазикот што најпрво го научил во животот и што најдобро го познавал, а тоа бил македонскиот јазик. Ваквото негово реагирање е во склад со човековата психологија. Неговата инстинктивна реакција на мајчиниот македонски јазик произлегла во критичен миг кога практично немал време да размислува како да ја склопи реченицата за повикување помош на туѓиот јазик коине, а едновремено знаел и дека неговите телохранители се исто така Македонци.

Сепак Македонците го користеле јазикот коине не само како јазик за комуникација со останатите народи, туку и во неговата писмена форма, па токму на овој јазик (заедно со

подоцнежниот латински) пишувале и античко-македонските историчари и друг вид автори.

Дека античките Македонци зборувале на посебен македонски јазик сведочи и латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф (за кого не се знае кога точно живеел. Спрема едни претпоставки тој живеел пред Христа, а спрема други во I век по Христа).

Позната е случката во текот на судењето на Македонецот Филота, кој подготвувал заговор за убиство на Александар Македонски. Заговорот бил откриен и Филота бил јавно испрашуван, лично од страна на Александар.

Квинтиј Куртиј Руф за оваа случка сосема јасно запишал дека Македонците зборувале на посебен јазик. Тој дури цитира и изјава на самиот Александар Македонски, во која, тој, обрнувајќи им се на Македонците во прво лице множина, го споменува (цитат): „*мајчиниот и нашиот јазик*". Александар му се обратил на Филота со зборовите:

„*Сега тебе ќе ти судат Македонците. Те прашувам: дали ќе им се обратиш на мајчиниот јазик*?"

Филота одговорил одречно, со образложение дека, освен Македонци, имало присутни и припадници од други народи. На тоа, Александар им рекол на присутните Македонци:

„*Еве, гледате ли? До таму ли дошол Филота, та да се гнаси од мајчиниот јазик?.. Но, нека зборува како што сака, а вие спомнете си дека тој подеднакво се отуѓил и од нашите обичаи и од нашиот јазик*". (Руф, Басотова, 1998).

Но, Филота не останал рамнодушен на овие обвинувања, па во својот одговор, рекол:

„*Мене ми се префрла што одбивам да зборувам на мајчиниот јазик и дека сум се грозел од обичаите на*

Македонците. Значи така јас му се заканувам на кралството, што го презирам? Но, уште порано, оној родниот јазик, беше напуштен во општењето со другите народи, па така и победниците и победените требаше да учат еден туѓ, странски јазик."(Руф, Басотова, 1998)

Сепак, во обвинувањата против Филота се вмешал Александровиот војсководец Болон, кој, меѓу другото, го обвинил Филота дека (цитат): „...*иако бил Македонец, не се срамувал, преку преведувач, да ги ислушува луѓето што зборувале на неговиот роден јазик*".

И оваа случка е толку јасна во однос на постоењето на посебниот македонски јазик, што никаков коментар не е потребен. Од овој опис гледаме дека дел од Македонците, поради практични причини (меѓу другото и за поголема можност за општење со другите народи), го користеле и туѓиот јазик коине, иако меѓу себе, и натаму си зборувале на мајчиниот македонски јазик.

Очигледно е и дека за време на судењето на Филота му било забележано од страна на Александар затоа што не сакал на Македонците да им се обрати на „мајчиниот јазик".

Филота, од своја страна, го обвинил Александар за воведувањето на јазикот коине, па рекол дека македонскиот јазик одамна бил запоставен, така што сега и победниците (Македонците) и поразените (Грците, Персијанците и другите народи кои потпаднале под македонска власт) требало да го учат овој нов јазик.

На ова се вмешал Болон, кој го обвинил Филота дека, иако бил Македонец, додека ја имал власта, комуницирал со Македонците преку преведувачи. Ова е извонредно важно сведоштво и доказ дека во тоа време мнозина Македонци воопшто не го знаеле јазикот коине, па кога сакале некому да му се обратат, тоа го правеле преку

преведувачи. Филота, иако го знаел македонскиот јазик, не сакал да ги слуша Македонците на својот јазик, туку инсистирал нивните зборови нему да му се преведуваат на јазикот коине.

Во врска со засебноста на јазикот на античките Македонци ќе издвоиме и други сведоштва.

На еден натпис во Македонија од 212 година по Христа девојчето Ника било запишано дека припаѓа на на семејство кое „*зборувало македонски*". (Капетанопулос, 1993)

Посебниот македонски јазик (а не дијалект) го спомнува и познатиот римски филозоф Сенека (роден во 4 година пред Христа, а починал во 65 година по Христа). Во своето дело "*De consolatione ad Halviam*" (7,1), Сенека пишува за наследството што го оставил Александар Македонски Велики во Азија. Во врска со ова е запишано:

„*Зошто денес среќаваме грчки градови во самото срце на земјите на барбарите? Од каде македонскиот јазик среде Индијците и Персијанците?"*

Ова сведоштво се однесува на познатиот факт дека Александар Македонски Велики во дел од земјите што ги освоил оставил извесен број Македонци и Грци, кои таму останале да живеат. Дури и денес има луѓе од тие краеви кои себеси се сметаат за потомци на војската на Александар Македонски.

За посебноста на јазикот на античките Македонци постојат и посредни наративни антички сведоштва.

Познато е дека големиот атински говорник Демостен во своето дело „*Филипики"* за Филип Втори Македонски ја дал следната навредлива изјава во својата „*Втора Филипика*":

„Филип, тој човек не само што не е Грк, туку и нема ништо заедничко со Грците. Барем да беше барбарин од некоја пристојна земја - но тој не е ни тоа. Тој е некакво шугаво суштество од Македонија - земјата од која не можеш да доведеш ниту роб што барем нешто вреди."

Се поставува прашањето: зошто Демостен го нарекол Филипа „*барбарин*"? Што значел овој збор во антиката? Научниците се речиси едногласни кога тврдат дека именката „*барбарин*" во антиката главно се однесувала за луѓе кои зборувале на неразбирлив јазик за Грците (луѓе кои „*брборат*") со доза на потценување кон нивната култура. Практично, сите народи кои не зборувале грчки, Грците ги нарекувале „*барбари"*, додека помеѓу себе Грците си се нарекувале „*ксенои*".

Ова толкување на зборот „*барбари*" денес е прифатено од поголемиот број историчари. Само за илустрација ќе го наведеме пишувањето на авторката Ема Стафорд, која во својата книга „*Античка Грција, живот, митови и уметност*", во врска со значењето и етимологијата на овој збор, пишува:

„*Грчкиот јазик бил основен за Грците за да можат себеси да се дефинираат како поинакви од барбарите, на чиј ба-ба-ба јазик им се потсмевале.*" (Staford, 2004, Томов, 2005)

И познатата американска историчарка д-р Синтија Сиднор Словиковски, го објаснува значењето на терминот „*барбарин*":

„*Терминот 'барбарин' се однесувал на нешто спротивно на терминот 'Хелен' во антиката и имал три главни значења кај авторите: неинтелигентен, странски и не-грчки... Антитеза на Хеленот е барбаринот.*"(Syndor-Slowikowski, 1988)

Конечно и самите антички грчки автори пишувале што подразбираат под терминот „*барбари*”. Децидно сведоштво за ова дал познатиот атински драмски автор Аристофан (живеел околу 448 - 385 година пред Христа). Во својата драма „*Птици*” (напишана во 414 година пред Христа), во врска со „*барбарите*”, Аристофан напишал:

„*Долго време престојував со нив и ги учев да зборуваат, иако порано тие беа барбари*”.

Овде јасно се гледа дека терминот „*барбари*” за античките грчки автори значел „луѓе кои не зборуваат грчки”, т.е. луѓе кои не се Грци.

Постојат голем број добро познати сведоштва од античките грчки автори, во кои тие го употребуваат терминот „*барбари*” за припадниците на разни азиски, африкански, но и европски, народи. Оттаму, доколку, на пример, припадниците на некој далечен азиски народ биле наречени „*барбари*” само затоа што не зборувале грчки, сосема иста е суштината за употребата на истиот овој термин и во однос на Македонците. Не може терминот „*барбари*”кога се однесува за Македонците да има едно значење, а за сите други не-грчки азиски, африкански и европски народи да има друго значење. Ова го потенцираме затоа што денес некои грчки и прогрчки настроени автори се обидуваат да ја потценат изјавата на Демостен, во која тој Македонците ги квалификува како „*барбари*”, неубедливо трудејќи се да објаснат дека тој Македонците не ги сметал за инаков народ од Грците, туку дека квалификувајќи ги како „*барбари*”, само сакал да ја „омаловажи нивната култура”, заради „политички причини”.

Демостен не бил единствениот Грк, кој ги сметал Македонците за „*барбари*”, т.е. народ со не-грчко потекло. И античкиот грчки автор Тразимах во V век пред Христа во

својот говор за Ларисјаните, го нарекол македонскиот крал Архелај „*барбарин*” во однос на Грците Ларисјани (Тукидид 2,8,1 и Климент Александриски 6.2.17). Притоа Тразимах рекол:

„*Зарем ние како Грци, ќе му бидеме робови на Архелај барбаринот?”*

Македонците се наречени „*барбари*” од страна на Грците и во Лексиконот „*Суда*” (пишуван од неколку антички и средновековни автори. Овој Лексикон, покрај десетиците илјади зборови, содржи и бројни извадоци од текстови на антички, претежно грчки, автори.

Во толкувањето на зборот „*каусија*” (вид македонска капа, во „*Суда*”, непознатиот антички грчки автор пишува дека тоа била „*вид барбарски покривач за главата*”. Поради фактот што е познато дека оваа капа била создадена и најмногу практикувана токму од Македонците, јасно е дека и овој антички грчки автор ги сметал Македонците за „*барбари*”.

Античкиот грчки автор Исократ, кој живеел од 436 до 338 година пред Христа и кој бил современик на Филип Втори Македонски, исто така јасно напишал дека Македонците не биле Грци, и не зборувале грчки. Во своето дело „*Филип*” (346 година пред Христа), во повикот што го упатил до македонскиот крал Филип Втори, Исократ, во врска со овој македонски крал, запишал:

„...*Неговото владеење беше од прилично различен карактер од другите, бидејќи само тој* (Филип Втори, з.м.) *помеѓу Хелените тврдеше дека владее над народ од нероднинска раса*...”.

Значи Исократ јасно ги нарекол Македонците како народ кој бил„*нероднинска раса*” во однос на Грците.

Да го спомнеме и сведоштвото од Тукидид (V век пред Христа), кој во своето дело „*Пелопонеската војна*” (втора книга) за припадниците на македонското племе Орести (кои живееле во близината на денешниот град Костур) запишал дека биле „*барбари*”.

И граматичарот Хесихиј ги опишал Македонците како „*барбари*”. Во описот за значењето на зборот „*сариса“* (долго копје на Македонската фаланга), тој запишал дека го користеле „*барбарите Македонци*”

Инаку, за Хесихиј се смета дека живеел во V век во Александарија и најверојатно имал грчко етничко потекло. Главно се занимавал со собирање на зборови од античките јазици и дијалекти, кои нему му се чинеле интересни. Со текот на времето создал еден огромен лексикон во кој се застапени околу 51.000 зборови.Во големата „*Католичка енциклопедија“* изнесени се претпоставки дека основа на овој Лексикон всушност бил некој постар лексикон, кој содржел зборови од античките јазици и кој настанал во првиот век по Христа, а Хесихиј само го дополнил. ("*The Catholic Encyclopedia", Volume VII* Copyright © 1910 by Robert Appleton Company Online Edition Copyright © 2003 by K. Knight,: Hesychius).

Во овој лексикон најмногу се застапени зборови од разни дијалекти на тогашниот јазик на Хелените, но постои цело поглавие кое носи наслов „*Зборови од народите*”и во ова поглавие среќаваме извесен број зборови и од други јазици: персискиот, тракискиот, египетскиот, индискиот и други.Под посебен наслов во ова поглавие се опфатени и зборови од јазикот на античките Македонци.

Во склад со ова, во светски познатата енциклопедија „*Колумбија*” (*The Columbia Encyclopedia, Sixth Edition. Copyright © 2001 Columbia University Press*, naslov: Hesychius

of Alexandria) сосема коректно е презентирана вистината според која, Лексиконот на Хесихиј нуди податоци за, макар и сосема мала, реконструција на некоизагубени јазици, меѓу кои посебно е потенциран јазикот на античките Македонци. Овде читаме:

„Хесихиј од Александрија живеел во V век и бил граматичар од Александрија. Познат е како составувач на непроценлив лексикон од необични зборови и изрази што се појавувале во грчките текстови. Материјалот бил собиран од специјални области (на пример медицина и сл.) од пишувањата на постари поети, како и од разни дијалекти и јазици. Овој лексикон претставува извор практично на целиот материјал што сега е достапен за некои од исчезнатите јазици, како што е случајот со античко-македонскиот јазик."

Интересно е да спомнеме дека содржината на Лексиконот на Хесихиј до денес сè уште не е целосно презентирана пред светската јавност.

Освен сведоштвата за посебноста на македонскиот јазик во однос на старогрчките дијалекти, постојат и други наративни сведоштва за разликите помеѓу Македонците и Хелените. Овие сведоштва главно биле давани токму од старогрчки, но и од други антички автори. Ќе спомнеме накратко некои од нив.

Старогрчкиот историчар **Аријан** го пренесува говорот (превземен од загубеното дело на македонскиот генерал и историчар Птолемеј) што Александар Велики Македонски го одржал пред своите офицери за време на кој им се обратил со зборовите:„*О Македонци и грчки сојузници..."* Со ова, практично најпознатиот македонски цар самиот направил јасна динстинкција помеѓу Македонците и Грците кога ги спомнал како два одделни народа. (Arrian, *Anabasis*, Chap.

XXV). Во разговорот помеѓу Александар и Парменион, Аријан пишува дека најпознатиот македонски цар ги сметал Грците во составиот на својата војска како „*странци*“ и како „*нестабилен елемент*“, на кој не може да му се верува.

Децидно раздвојување на Македонците од Хелените, Аријан нуди и кога го спомнува списокот на команданти на воените бродови (триреми) со кои Александровата војска патувала низ реката Хидасп. Овде пишува:

„*За команданти на триремите биле назначени: од Македонците - Хефастион, синот на Аминтор; Леонат, синот на Евно; Лизимах синот на Агатокле...* (следуваат уште 22 имиња на команданти, нивните татковци и делови на Македонија од кои потекнувале). Списокот на Македонци завршува со: „... *Пантаух, синот на Никола од Алор и Миле (Milleus) синот на Зоил од Береја. Сите тие биле Македонци. Од Грците биле: Медиј, син на Оксинтемис од Лариса, Евмен, син на Хиероним од Кардија...“* (следува список на уште шест лица). (Indica, VIII, 2).

Аријан и на други места во своите дела ги третира Македонците и Хелените (Грците) како два посебни народи. Во описот на битката кај Ис (за време на која во редовите на Персиската војска се бореле десетици илјади Грци) Аријан вели дека во оваа битка најжестокиот судир бил токму помеѓу Македонците и Грците (Грците биле составен дел од Персиската војска), а главна причина за тоабила големата омраза помеѓу овие два народа. Во врска со ова Аријан пишува:

„*Почнала жестока борба. Дариевите Грци се бореле со цел да ги потиснат Македонците назад кон реката и да ги задржат позициите на своето лево крило... Судирот беше уште повеќе загорчен поради старото расно ривалство помеѓу Грците и Македонците“*. (Arrian: "*The*

Campaigns of Alexander", Translated by Aubrey De Selincourt, *Pengiun books*, USA, 1987,стр. 119).

И на други места во описот на битката кај Ис, Аријан ги третира Македонците и Грците како два посебни народи.

Да го спомнеме и античкиот историчар **Апијан** (околу 95 – 165 год.). Во своето дело "*Илирските војни*" тој ги спомнува Македонците и Грците како два посебни народа. Пишувајќи за нападите на илирските племиња во Македонија, Апијан вели:

„*Римјаните... им објавија војна на Илирите заради нивните ограбувања на храмовите и со тоа Римјаните ги вознемирија Грците и Македонците.*"

Кога ги набројува најпознатите азиски и европски народи Апијан исто така одделно ги спомнува Македонците и Грците:

„*Во Азија најпознати* (во оригиналот на латински стои clarissimae, што во буквален превод значи „најсјајни", з.м.) *народи се: Индијци, Сери, Персијци, Меди, Партијци, Арапи, Битини, Фригијци, Кападокијци, Киликијци, Сиријци, Лики. Во Европа најпознати (clarissimae) народи се: Скитите, Сарматите, Германите, Дакијците, Мизите, Тракијците, Македонците, Далматите, Панонците, Илирите,Грците, Италите, Галите и Шпанците.*" (Liber Memoralis, De Orbe Terrarum, VI, 3).

Значи и овде имаме многу јасно издвојување на Грчкиот и Македонскиот народ.

Античкиот филозоф, картограф, географ и математичар **Дикеарх** (IV и III век пред Христа), родум од Месана, исто така јасно посведочил дека Македонците не биле Грци.Во своето дело „*Животот на Грција*", кое било посветено на историјата и географијата на грчките територии, во првиот том Дикеарх дал детален опис на

географијата и историјата на Грците. Во врска со границите на грчките територии, Дикеарх запишал:

„Границите на Грција ги лоцирав во земјата на Магнесијанците... Над Темпе, кон планината Олимп, се наоѓа земјата на Македонците.“

Тој пишува и дека грчките територии почнувале од Амбракискиот залив (се наоѓа јужно од Епир) и завршува кај реката Пена(„*Меморандум за античките граници на Грција“;* British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America)*.*

Античкиот историчар **Дионисиј од Халикарнас** (се родил околу 60 година пред Христа, а починал некаде по 7 година по Христа) во своето најпознато дело „*Римски старини*“ ("Roman Antiquites") во *Првата книга* (3 дел) ја спомнува Македонија како „најмоќна нација“ во тогашниот свет:

„*...Македонија, која до тогаш била сметана за најмоќна нација на светот, повеќе немала како ривал ниту една нација било барбарска или грчка.“*

Во *Втората книга* (17 дел) тој јасно пишува дека Македонците им ја одзеле слободата на Грците (Атињани и Тебанци), откако претходно ги поразиле во битката кај Херонеја:

„*А Тебанците и Атињаните преку катастрофата што ја доживеале кај Херонеја биле отстранети од Македонците не само од водството над Грција, туку им била одземена и слободата што ја имале наследено од своите предци.“*

Античкиот географ **Дионисиј Калифонт** (I век пред Христа) во врска со границите на античките грчки територии, запишал:

„*Амбракија е првиот град во Грција... Грција се протега од Амбракија до Пена.“* („*Меморандум за античките граници на Грција“;* British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America).

Гледаме дека и тој воопшто не ја третирал Македонија (а ниту Епир) како „грчка земја“.

Дио Крисостом е познат и како Дион од Пурса. Тој живеел во I и II век по Христа (од околу 40 до 120 година). Во своето дело „Диоскури“ за жителите на островот Родос Дио Крисостом пишува дека за еден ист предмет му кажувале различни информации. Овде читаме:

„*На пример за една иста статуа тие еднаш велат дека била грчка, друг пат велат дека била римска, а потоа дека била македонска или персиска“* (Dio Chrysostom *Discourses*, Vol. III, 159).

Од ова сведоштво гледаме и дека самите жители на Родос во антиката правеле разлика помеѓу грчките и македонските културни вредности.

Во „*Четвртиот дијалог посветен на кралството*“ Дио Крисостом опишува измислен дијалог помеѓу Александар Велики Македонски и Диоген. Во овој дијалог Александар го прашал Диоген:

„*А уште кои непријатели ќе ми останат, рекол тој, ако ги освојам сите оние народи што ги спомнав?“*

Потоа следи одговорот на Диоген:

„*Најтешко е да ги освоиш не оние што зборуваат персиски или медиски како што зборува Дарие, туку македонски и грчки*.“

И овде гледаме јасно издвојување на македонскиот од грчкиот јазик, зборувани од два соседни но различни народа.

Да го спомнеме и античкиот биограф на Александар Велики Македонски, познат под името **Диодор Сицилијанецот**, кој живеел во I век пред Христа. Тој исто така дал неколку сведоштва во полза на вистината дека античките Македонци не биле никакви Грци.

Едното од нив се наоѓа во 17 книга и се однесува на соработката на Грците со Персија во времето по битката кај Гавгамела (Арбела). Во врска со ова Диодор Сицилијанецот пишува:

*„Во оваа година (*околу 330 пред Христа) *во Грција стигнаа вестите за битката близу Арбела* (Гавгамела) *и многу грчки градови беа растревожени од растежот на македонската моќ, така што решија да се борат за својата слобода се додека случајот со Персијанците беше актуелен. Тие очекуваа дека Дарие ќе им помогне, заради што му испратија голема сума пари. Тие се надеваа дека ќе ги спојат обете војски, така што Александар ќе требаше да ја раздели својата војска за да им се спротивстави. Од друга страна, до колку Грците останеа само како неми набљудувачи на поразот на Персијанците, тие тогаш ќе останеа осамени без никаква шанса да размислуваат за својата слобода... Лакадемонците* (Спартанците) *тогаш се побунија и упатија повик до Грците да се обединат во борбата за слобода.“* (Диодор, 17.62.1, 17.62.3 и 17.62.6).

Ова е уште едно директно античко сведоштво, од кое се гледа не само фактот дека тогашните Грци се чувствувале окупирани од Македонците, туку и огромната омраза што тие ја чувствувале кон нив. Грците биле подготвени дури и да се спојат со своите вековни непријатели Персијанците, само за да се ослободат од македонската

окупација. И тоа дури и во времето по битката кај Гавгамела по која Персиската војска дефинитивно била скршена.

Диодор пишува и за ранувањето на Александар Велики Македонски кога не се знаело дали тој ќе преживее. Кога слушнале за ова Грците, кои биле оставени да живеат во средноазиските области Бактрија и Согдијана, помислувајќи дека Александар е мртов, се побуниле против Македонците, сакајќи да се вратат назад во својата татковина. За ова Диодор (17.99.5 - 17.99.6) пишува:

„Со денови кралот лежеше беспомошен и под надзор. Грците, кои беа оставени во Бактрија и Согдијана и кои беа несреќни и се досадуваа живеејќи помеѓу луѓе од друга раса, разбраа дека кралот умрел од здобиените повреди и се побунија против Македонците. Тие се собраа околу три илјади мажи. На патот кон дома претрпеа многу тегоби, а по смртта на Александар сите беа масакрирани од Македонците.“

Римскиот историчар **Евтропиј** (IV век) пишува за писмото што македонскиот крал Филип V му го упатил на кралот на Картагина Ханибал во кое му понудил сојуз против Римјаните, а за возврат од него побарал помош во борбата на Македонија против нескротливото непријателство на Грците против Македонците.

„*Отприлика во ова време Филип* (Петти) *кралот на Македонија, испратил амбасадори кај него* (Ханибал, з.м.)*, нудејќи му помош против Римјаните, но под услов, откако ќе ги поразат, за возврат, тој да добие помош од Ханибал против Грците.*“(*Breviarium historiae Romanae*, III, 12).

И овде гледаме јасно сведоштво дека Македонците дури и во времето на Филип V ги сметале Грците за поинаков, непријателски народ.

Ицрковниот историчар **Евсевие Кесариски**(III и IV век одделно ги спомнува Македонците и Грците и во книгата „*Докази за Евангелието*“. Во Третата книга (поглавие 7), спомнувајќи ги народите што потпаднале под римска власт, Евсевие Кесариски пишува:

„Оттогаш еврејскиот народ станал потчинет од Римјаните, исто како и Сиријците, Кападокијците, Македонците, Битијанците и Грците и сите други народи, кои се под римска власт.“ (Eusebius of Caesarea: "*Demonstratio Evangelica*", Tr. W.J. Ferrar , 1920, Book 3Chapter VII).

Познатиот атински говорник **Есхин** (IV век пред Христа) исто така не ги сметал Македонците за Грци. Во својот говор „За амбасадата*“* ("*On the Embassy*") тој ги спомнува народите кои ја сочинувале сегрчката културна организација позната под името Амфиктионски Совет. Есхин ги набројува племињата кои го сочинувале овој Совет. Тие биле:*„Тесалијци, Беотијци, Дорци, Јонци, Перабејци, Магнети, Локријанци, Етени, Фтиоти, и Малеанци.“* (Aeshines, "*On the Embassy*", 2.116)

Не само што Македонците овде не се спомнати како членови на овој сегрчки Совет, туку таков е случајот и со племињата кои живееле во Епир.

Македонците како посебен народ од Грците ги спомнал и старогрчкиот говорник **Исократ**, кој бил современик на Филип Втори Македонски. Обраќајќи се до Филип Втори, Исократ меѓу другото укажал на бенефициите што Македонците и Грците ќе ги добијат ако успее неговото владеење. Меѓу другото, тој рекол:

„*Велам дека ти мора да бидеш доброчинител на Грците, крал на Македонија и владетел над што е можно повеќе барбари. Ако успееш во ова, сите ќе ти бидат*

благодарни – Грците заради користа што ќе ја добијат, Македонците затоа што ќе владееш со нив како крал, а не како тиранин, а остатокот од човештвото ако ги ослободиш од власта на барбарите...“ (“*Philippus*”, 154).

Инајпознатиот антички еврејски историчар **Јосиф Флавиј** (I век по Христа) исто така ги третирал Македонците како поинаков народ од Грците.

Во својата книга „*Флавиј Јосиф против Апион“*Флавиј ги спомнува Македонците и како жители на египетскиот град Александрија. Во вториот дел (6), тој пишува дека: "*Грците и Македонците го поседуваа градот..."*.

За Македонците како доминантни жители на Александрија во тоа време Јосиф Флавиј пишува и на други места во своите дела.

Флавиј спомнува и еден говор на јудејскиот крал Агрипа (прв век по Христа) во кој Агрипа ги убедувал Евреите да не се бунтуваат против Римјаните, затоа што Римската империја е многу силна и попусто ќе се борат. За да ги одврати од намерата да кренат востание против Римјаните, им спомнал дека и други народи биле под римска власт, па сепак, никој од нив не се осмелувал да се бори против оваа силна империја. Меѓу наброените народи тој одделно ги спомнал Македонците и Грците:

„*Кој ве убедува да им се спротивставите на Римјаните? Можеби ќе кажете дека ви е тешко да живеете под ропство. Добро, но зарем не им е потешко на Грците?... Така е и со Македонците, кои имаат иста причина како и вие, да се борат за својата слобода“*. (*War of the Jews,* II, 16,4).

Значи и овде многу јасно Македонците се издвоени како посебен народ во однос на Грците.

Да го спомнеме и античкиот историчар **Јустин** (за кого не се знае кога точно живеел, но се смета дека тоа било II, III или IV век). Негово најпознато дело било "*Historiarum Philippicarum Libri XLIV*".Пишувајќи за доаѓањето на Филип Втори Македонски на власт и за заканите што се надвиснале над Грците и над Азија, Јустин констатира:

„*...Името на Македонците кое претходно било непознато, наеднаш станало доминантно. А Филип, кој три години бил држан како заложник во Теба и бил под влијание на Епиминонда и Пелопида, ја зголемил моќта на Македонија која сега претставувала ропски јарем над вратовите на Грците и на Азија*.“ (Јустин, цит. дело, 6,9).

И за овој извадок нема потреба од дополнителен коментар.

Седмата книга од своето дело Јустин ја посветил на Македонија. Ќе пренесеме неколку интересните извадоци од оваа книга:

„*Македонија отпрвин се викала Ематија од името на кралот Ематион... Нејзините жители биле нарекувани Пелазги, а земјата Пајонија... Во областа Пајонија, која денес е дел од Македонија се вели дека владеел Пелегон, татко на Астеропај, чие име го среќаваме во Тројанската војна помеѓу најистакнатите бранители на градот.“*

И овде гледаме дека тој не спомнува никакви Грци како жители на Македонија.

Кога се осврнува на преговорите на македонскиот крал Филип Петти со Римјаните, Јустин меѓу другото запишал:

„*Филип* (Петти) *од друга страна дозволи дека можеби може да им се потчини на Римјаните, но тој не сакаше ни да слушне Грците, кои беа потчинети од неговите претходници Филип и Александар и кои беа поробени од*

Македонската империја, нему да му диктираат услови за мир, небаре тие беа победници.“ (Јустин, 30, 3).

Јустин ги спомнува одделно Македонците од Грците и кога вели:

„*Растечката моќ на Римјаните требаше да ги проголта античките империи на Грците и на Македонците*.“ (Јустин, 30, 4).

Македонците и Грците како два посебни народи, ги спомнал и **Св.Климент Александриски**, кој живеел во II и III век. Во книгата „Предупредување до Грците“ (Петто поглавие: „*Мислењето на филозофите во врска со Бог*“) Климент Александриски ги критикува паганските верувања на некои од тогашните народи. Тој ги спомнува народите што го обожавале огнот и притоа одделно ги спомнува Македонците од Грците. Овде читаме:

„...*Многу народи од Азија го обожавале огнот, а покрај нив и Македонците, како што забележува Диоген во Првата книга на својата ‚Персика’... Тие не ги третирале дрвјето и камењата како ликови на своите богови како Грците, ниту ибисите како Египјаните, туку огнот и водата, како филозофите.“*

И за античкиот галски историчар **Корнелиј Непо** (I век по Христа) немало сомнение дека Македонците и Грците биле два посебни народи. Негово единствено зачувано дело е „*Excellentium Imperatorum Vitae*“, кое било објавено за време на императорот Теодосиј Први (347 - 395 год.). Кога пишува за престојот на Гркот Евмен среде Македонците, Корнелиј Непо пишува дека тој во Македонија бил странец. Овде читаме:

„*Евмен бил роден во Кардија* (грчка област)... *Се случило тој да живее во време кога Македонците биле во подем и за него било непријатно да живее среде нив*

бидејќи доаѓал од туѓа земја... Иако потекнувал од семејство кое било угледно во нивниот роден град, Македонците сепак не биле задоволни и не верувале дека тој кога и да е може да биде почитуван од нив.“

Во 21 поглавие (под наслов „*За кралевите*“) Непо уште подецидно става до знаење дека Македонците не биле никакви Грци. Тој претходно ги набројува имињата на најпознатите грчки воени заповеденици (генерали): Тимолеон од Коринт, Фокион од Атина, Евмен од Кардија, Агесилај од Спарта, Пелопида од Теба, Епаминода од Теба, Датам од Карија, Тимотеј од Атина, Кабрија од Атина, Ификрат од Атина, Дион од Сиракуза, Конон од Атина, Тразибул од Атина, Алкибијад од Атина, Лисандер од Спарта, Кимон од Атина, Павсанија од Спарта, Аристид од Атина, Темистокле од Атина и Милитад од Атина. Потоа за сите нив пишува:

„*Ова се речиси сите генерали од Грција, кои се достојни за спомнување, со исклучок на кралевите, но нив овде нема да ги обработиме бидејќи нивните активности посебно ги опишавме.“*

Гледаме дека во списокот со имиња на грчки генерали не е спомнат ниту еден Македонец! Но не само тоа. Во продолжение Корнелиј Непо одделно ги спомнува најистакнатите личности од редовите на Македонците, оние (како што самиот пишува) „*од нацијата на Македонците*“. Во истото 21 поглавие (2) Непо пишува:

„*Од нацијата на Македонците, два кралеви далеку ги надминаа останатите според своите заслуги: Филип, синот на Аминта и Александар Велики, кој умре од болест во Вавилон, додека Филип беше убиен од Павсанија во близина на театарот во Еге, додека одел да ги набљудува игрите.“*

Да го спомнеме и **Коен**, кој бил еден од најдоверливите генерали на Александар Трети Велики Македонски. Годината на неговото раѓање е непозната, но се смета дека починал во 326 година пред Христа. Тој го придружувал Александар за време на походот во Азија, со тоа што есента 334 година пред Христа се вратил во Македонија заедно со други војници и офицери кои добиле одмор, по што пак се придружил на Македонската војска (во малоазискиот Гордиум). Тоа било пролетта 333 година пред Христа. Во пишаните извори Коен останал запаметен по својот говор што го одржал пред Александар и кој во голема мера е зачуван од страна на старогрчкиот историчар Аријан во неговата "*Биографија за Александар"* која веќе ја спомнавме. Од аспект на нашата тема, интересно е тоа што во својот говор, Коен исто така направил недвосмислена разлика помеѓу Македонците и Грците. Обраќајќи му се на царот, Коен рекол:

„*Вие го знаете бројот на Грците и на Македонците кои го почнаа ова освојување, а можете да видите и самиот колку останаа денес..."*

Откако му ја објаснувал потребата дека војската треба да се врати назад за да се одмори, Коен му рекол на Александар:

„...*Други единици Македонци и Грци ќе ве следат..."*.

На овие зборови сметаме дека исто така коментар не е потребен.

И за еден од најпознатите старогрчки географи (кој воедно бил патепсец и историчар), **Павсанија** (II век),немало сомнение дека античките Македонци не биле никакви Грци. Во своето дело „*Описот на Грција*" напишано во десет книги, опфатен е описот на сите тогашни области во кои живееле античките Грци и тоа: Атика (Атина), Коринт,

Лаконија, Месенија, Елис, Ахаја, Аркадија, Боетија, Фокија и Локрис. По ваква историска статистика се поставува прашањето: ако Македонија во антиката била „грчка земја“, зошто тогаш Павсанија (како еден од најпознатите антички автори, кој згора на тоа и самиот престојувал во Македонија), не ја спомнал како таква во своето капитално дело составено од описи на тогашните грчки земји?

Понатаму, опишувајќи ја Пиреја во Атина, Павсанија навел податок дека таму имало портрети од заслужни Атињани и богови. Меѓу нив имало и портрет на извесен Леостен, кој бил познат среде Грците заради тоа што успешно војувал против непријателите на Грците, Македонците. Овде читаме:

„*Овде се наоѓа портрет на Леостен и неговите синови, насликан од Аркесилај. Овој Леостен бил водач на Атињаните и на обединетите Грци, кои ги поразиле Македонците во Боетија, а потоа и кај Термопилите, потиснувајќи ги кон Ламија.* (Pausanias, *Description of Greece,* 1,1,2).

Павсанија го опишува навлегувањето на Келтите на Балканот во III век пред Христа. И во дел од овој опис, кристално јасно ги издвојува Македонците и Грците како два одделни народа кои со векови жестоко војувале помеѓу себе и тоа речиси секогаш на штета на Грците. Овде читаме:

„*Тоа било порано пред да се појави името ‚Галија’. Во минатото тие се нарекувале Келти, како меѓу себе, така и од другите. Нивната војска се свртела кон Јонското Море, ги окупирала Илирите и сите кои живееле до Македонија, вклучително и самите Македонци и ја преминала Тесалија. А кога се доближиле до Термопилите, Грците главно не се ни помрднале за да го спречат*

навлегувањето на овие барбари, бидејќи (Грците) *претходно биле неколку пати поразувани од Александар и Филип, Антипатер и Касандар, кој потоа целосно ги сокршил. Така ослабени нивните држави не чувствувале никаков срам заради тоа што не превзеле ништо за одбрана на својата земја. Но, Атињаните, иако биле најмногу исцрпени во однос на кои било други Грци поради долгата Македонска војна, а кои воглавно постигнувале неуспеси во битките што ги воделе, и покрај се, испратиле претходница кај Термопилите...“.* (Pausanias, *Description of Greece,* 1,4,1, и 1,4,2).

Не ни е познато каков е одговорот на современата грчка, пропаганда на овој цитат.

Павсанија јасно ги издвојува Македонците од Грците и во својата Седма книга. Овде читаме:

„*Кога Филип, синот на Димитрија, стана полнолетен, а Антигон бескрупулозно го превзеде владеењето над Македонците, тоа внесе страв во срцата на Грците.“* (Pausanias, *Description of Greece,* 7,7,5).

Давајќи опис на Херонеја (9,40,7) Павсанија вели дека таму сретнал два споменика подигнати од Римјаните во чест на нивните победи. Но, немало споменик од Македонците, иако тие таму однеле победа над Грците. Ова Павсанија го објаснува со зборовите:

„*Филип, синот на Аминта, не подигнал споменик во чест на победата, ниту овде ниту за која било друга негова победа извојувана над Грци или над не-Грци, бидејќи Македонците немале обичај да подигаат споменици на победата.“*

Павсанија исто така ги спомнал и имињата на грчките племиња кои припаѓале на Амфиктионскиот Совет, за кој спомнавме дека бил сегрчка организација. Тие биле:Јонци,

Долопи, Тесалијци, Енијци, Магнети, Малеанци, Фтиоти, Дорци, Фокијанци, Локријанци ("*British documents of foreign affairs*", Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America).

И овде не само што Македонците не се третирани како „Грци“, туку Павсанија не ги сметал ниту Епирците како „грчки народ“ (за не-грчкиот карактер на Епирците постојат и други антички сведоштва, на кои овде, во интерес на просторот, нема да се задржуваме).

Да се навратиме пак на **Плутарх**. Во својата биографија за римскиот генерал Емилиј Паул, која Плутарх ја напишал во 75 година по Христа, во врска со настаните околу војната на Филип Петти против Римјаните, јасно запишал дека Грците во тоа време се наоѓале под јаремот на Македонците, од каде биле ослободени од Римјаните:

„*Тоа беше во времето кога Римјаните водеа војна против Персеј, кралот на Македонците и кога беа упатувани големи забелешки кон римските команданти... Тие што недолго пред тоа, откако го поразија кралот Филип во Тесалија и ги ослободија Грците од македонскиот јарем... не веруваа дека Филип по доживеаниот пораз значително ги подобри силата и дисциплината во македонската војска* ("*Aemilius Paulus"* by Plutarch, translated by John Dryden).

Војната помеѓу Рим и Македонија ја опишува и **Полибиј** (III и II век пред Христа). Во описот на битката кај Киноскефале во која Македонците доживеале тежок пораз од Римјаните, Полибиј пишува дека на мнозина Грци не им се верувало дека Македонците биле поразени:

„*Многу Грци во актуелните околности, кога Македонците доживеале пораз, го сметале овој настан како речиси неверојатен и мнозина се прашувале како*

можело да се случи фалангата да биде победена од војска вооружена на римски начин.“ (XVIII, I, 31).

Во преговорите што следувале по поразот на Македонците, пренесена е изјавата од римскиот генерал Фламинин, кој на претставникот на Етолците, му рекол:

„*Во интерес на Грците е македонската доминација да биде што подолго потисната, но нема сомнение дека таа треба да биде уништена.“* (XVIII, I, 37).

Сметаме дека и на овие цитати не е потребен дополнителен коментар.

Во IV или III век пред Христа се појавил ракопис под наслов „*Периплус“*, што во слободен превод значи еден вид морски патепис. Иако нема докази за идентитетот на авторот на ова дело, некои сметаат дека тоа бил извесен Скилакс, кој живеел уште во VI век пред Христа и бил морепловец и истражувач во служба на Персија. Единствените податоци за Скилакс ги дал Херодот. Во недостиг на автентични податоци за авторот на делото „*Периплус“* во науката е прифатена одредницата „**Псевдо-Скилакс“**. Во ова дело, како и во другите наведени, се опишани границите на грчките територии во антиката, како што е наведено:

„*Од Амбракија Грција продолжува по брегот се до реката Пена.“* („*Меморандум за античките граници на Грција“;* British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America).

Значи гледаме дека и за овој автор недвосмислено грчките територии во антиката се наоѓале само околу Пелопонез (јужно од Олимп). Ова автоматски значи дека не само Македонија и Македонците, туку и Епир и Епирците не биле третирани за грчки.

Псевдо-Скимнус е прекар за уште еден непознат автор што напишал дело посветено на географијата. Прво се мислело дека тоа е дело на географот Скимнус од Хиос (живеел во II век пред Христа), но подоцна било докажано дека Скимнус не е автор на тоа дело бидејќи во него се појавувале ликови од периодот по неговото време. Во ова дело исто така јасно е назначено дека северната граница на античките грчки територии се наоѓала на потегот од Амбракискиот залив и реката Пена (*„Меморандум за античките граници на Грција“;* British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America).

За античките Македонци пишувал и ранохристијанскиот историчар **Созомен**, кој живеел од крајот на IV до средина на V век. Во врска со христијанизацијата на балканските народи, која се одвивала во времето на императорот Константин Први Велики (306-337), Созомен запишал:

„...Христијаните на запад: Грци, Македонци и Илири, почнаа безбедно да богослужат под заштита на Константин, кој тогаш станал главен на Римската империја.“ (Sozomenus, *Ecclesiastical History*, Book II, Chap. II).

Гледаме дека и овде тој многу децидно ги спомнал Македонците и Грците како два посебни народа, заедно со Илирите.

Да го спомнеме и најпознатиот антички географ **Страбо** (кој живеел од I век пред Христа до I век по Христа). Во Осмата книга (1) од своето дело „*Географија*“Страбо дава опис на тогашните грчки етно-културни територии. И овде тој не само што не ја вклучува

Македонија во нив, туку и јасно ја прикажува како посебна етно-културна целина. Овде читаме:

„*Сега ќе изнесам податоци за останатиот дел од географијата на Грција... По Епирците и Илирите следуваат грчките народи: Акарнијанци, Етолци и озолски Локријанци. По нив се: Фокијанците и Боетијците, а спрот и нив преку морето се наоѓа Пелопонез... А по Македонија, се наоѓаат Тесалијците, кои се протегаат се до Малијанците и земјите на останатите народи вон од Истмус, како и оние одвнатре.“*

Вопродолжение Страбо пишува дека порано во Грција имало многу племиња, но дека Грци биле само оние кои зборувале на „*четирите грчки дијалекти*", па во детали ги дава имињата и историјата на овие племиња (*Јонци, Дорци, Еолци, Атињани и Аркадијци*). Се разбира дека среде нив нема ни помен за Македонците.

И тој дури ниту Епирците не ги сметал за „Грци". Цитирајќи го античкиот автор Ефор, кој ги опишувал тогашните граници на грчкиот свет, Страбо (8, 1-3) пишува:

„*Ефор вели дека ако почнеме од западните делови, Акарнанија е првата област на почетокот од Грција, затоа што, додава тој, Акарнанија прва граничи со племињата на Епирците. Но, исто како што Ефор, користејќи го морскиот брег, почува со Акарнанија (тој се одлучил за морето како еден вид водич бидејќи ако постапел поинаку, можел да претстави делови што граничат со земјите на Македонците и на Тесалијците како почеток) сосема е во ред ако и јас исто така ги следам природните карактеристики на овие области и го искористам морето како мој водич.“*

Слично пишувал и античкиот автор **Теопомп** (IV век пред Христа). Конкретно Теопомп ги спомнал народите кои

го сочинувале грчкиот Амфиктионски Совет (за кој исто така изнесовме податоци). Во списокот на овие народи (Јонци, Дорци, Ахајци, Фокијанци и други), не само што не се спомнати Македонците, туку не е спомнат ниту еден епирски народ, што значи дека и според Теопомп, ниту Епир во антиката не бил грчка територија, а камоли Македонија („*Меморандум за античките граници на Грција";* British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America).

За границите во кои мигрирале и живееле Хелените пишувал и историчарот **Тукидид** (V и IV век пред Христа). Во своето познато дело „*Пелопонеска војна*", тој пишува:

„*На пример очигледно е дека земјата што сега се нарекува Хелада во минатото немала домородно население, туку напротив, миграциите биле честа појава...Најбогатото земјиште честопати ги менувало своите господари. Такви се областите што сега се викаат: Тесалија, Бојотија, најголем дел од Пелопонес, Аркадија и најплодните делови од остатокот од Грција."* (*Пелопонеска војна*, книга 1).

Да го спомнеме и историчарот **Херодијан**, кој живеел во II и III век. Во своето најпознато историско дело (посветено на историјата на Рим) и овој автор Македонците многу јасно ги третирал како одделен народ во однос на Грците. Така, на пример, во *Првата книга* (поглавие 3) Херодијан ја спомнува македонската династија Птолемеи која владеела со Египет. Притоа за кралот Птолемеј пишува:

„*Птолемеј, наспроти законите на Македонците и на Грците, отишол толку далеку што се оженил со сопствената сестра."* (Herodian: "*History of the Roman Empire",* 1961, Book 1, Chapter 3).

Во *Третата книга* (поглавие 2) Херодијан е уште подециден во истакнувањето на посебноста на Македонците во однос на Грците. Овде тој ги критикува Грците дека постојано се карале меѓу себе, си љубомореле едни на други и гледале да го уништат секого од нив што успевал во животот. Заради тоа тој вели дека Грците како народ пропаднале, па така, уништени од својата алчност и злоба, тие станале лесен плен за Македонците, а подоцна и за Римјаните. Овде читаме:

„*Оваа античка несреќа на Грците, тие постојано да се органзираат во фракции едни против други и во својата алчност да ги уништат оние кои се поуспешни од нив, ја доведе Грција до уништување. Нивните дамнешни кавги и внатрешни непријателства ги направија лесна жртва на Македонците и робови на Римјаните. Ова проклетство од љубомора и злоба стигна дури и до побогатите грчки градови од нашево време.“*

*

Постојат уште многу антички и подоцнежни сведоштва за етно-културната посебност на Македонците во однос на Грците. Повеќе детали за ова се наоѓаат во книгата „*Старогрчки и други антички сведоштва за посебноста на античките Македонци*“ од А. Донски, МНЛД „Григор Прличев“ - Сиднеј, ЕМАРИ – Штип, 2011, објавена на македонски и на англиски). Во овој историски контекст направивме само концизен преглед на дел од тие сведоштва. Ова со цел да се сфати дека историча за кои во продолжение пишуваме биле Македонци, различни од Хелените (Грците).

ПТОЛЕМЕЈ (IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Биста со ликот на Птолемеј Први

По ликовите на Филип Втори, Александар Трети Велики Македонски и Клеопатра Седма, секако дека најпознат лик во галеријата на славните антички Македонци е ликот на Птолемеј Први (познат и како Птолемеј Лагов или Птолемеј Сотер). Тој не само што бил полу-брат и другар од детството на Александар Велики Македонски, а потоа и негов доверлив генерал, туку подоцна станал крал на Египет, основајќи ја династијата на Птолемеите. Познат е и по тоа што бил спонзор на уметноста и науката.Меѓутоа Птолемеј се занимавал и со пишување историја, па токму како таков ќе го разгледуваме овде. Извадоциод неговите дела се заведени под бројот 138 во Збирката на проф. Феликс Јакоби (FGRH, 138). Но, пред да поминеме на овие

извадоци, да направиме краток осврт кон неговиот живот.

Се родил во 367 година пред Христа. Како негов татко фигурира извесен Лаг, па оттаму Птолемеј е познат и како Птолемеј Лагов.Меѓутоа, постојат податоци дека Птолемеј бил вонбрачен син на Филип Втори, па оттаму тој бил директен потомок на основачот на Македонската династија Темен. За ваквото тврдење постојат податоци во антички извори.

Така, на пример, античкиот автор Павсанија (II век по Христа), во врска со ова, пишува:

Македонците сметаа дека Птолемеј е син на Филип, синот на Аминта... потсетувајќи дека неговата мајка имала дете со Филип кога се омажила за Лаг. (Pausanias: "Description of Greece", 1, VI, 2).

Потоа Павсанија потсетува дека не случајно Птолемеј бил толку близок со Александар Велики Македонски и не случајно тој имал една од клучните улоги по смртта на Александар.

И латинскиот биограф на Александар Велики Македонски, по име Квинтиј Куртиј Руф, пишува дека, според некои Македонци, Птолемеј бил вонбрачен син на Филип Втори:

Тој (Птолемеј, з.м.) *бил крвно поврзан со него* (Александар, з.м.), *а некои верувале и дека е син на Филипа.* (Quintus Curtius Rufus, "*De Rebus Gestis Alexandri Macedonis"*, IX, 8, 22; Квинтиј Куртиј Руф: "*Историја на Александар Македонски",* во превод од латински на д-р Љубинка Басотова; Скопје, 1998 година, стр. 272).

И авторот Теокрит (кој живеел во III век пред Христа, т.е. во времето на Птолемеј Втори) пишува дека Птолемеј Втори бил "*потомок на Хераклe*", кој (според

легендата) бил предок и на Александар Велики Македонски (Theocritus, 17. Повеќе детали за ова на: http://www.tyndale.cam.ac.uk/Egypt/ptolemies/arsinoe.htm).

Но, дури Птолемеј Први и да не бил син на Филип Втори, неговата мајка (жена на Лаг, а претходно наводно љубовница на Филип Втори), која се викала Арсиноја, и самата била потомок на династијата на Темен. Таа била ќерка на Мелеагер, кој бил потомок на Александар Први.

Значи, било преку таткова, било преку мајчина страна, Птолемеј Први и навистина бил потомок на основачот на македонската кралска династија Темен, а со тоа и роднина на Филип Втори и Александар Велики.

Се смета дека Птолемеј, како дете, заедно со Александар, бил ученик на Аристотел. Подоцна играл главна улога во походот на Александар во Азија. Од 323 година пред Христа бил гувернер на Египет и на Либија, а од 305 до 284 година пред Христа владеел како крал.

Откако станал крал на Египет, тој ја прогласил Александрија за главен град на своето кралство, а извршил и територијални проширувања, завземајќи ги Јудеја и Сирија. Водел борби со променлив успех против останатите наследници Македонци на распаднатата империја на Александар, а ја основал познатата Александриска библиотека. Бил оженет со Береника Прва.

Во 284 или 285 година пред Христа, Птолемеј Први го напуштил престолот во полза на својот син Птолемеј Втори. Починал во 283 година пред Христа.

Што се однесува до неговиот пишан опус, познато е дека тој напишал биографија (историја) за Александар Велики Македонски, од која денес се сочувани

пренесени фрагмени од кои се користеле подоцнежните антички биографи на Александар. Се смета дека неговото дело било најверодостојната историја за Александар бидејќи била напишана од сведок и учесник во тие настани.

Најголем број извадоци од историјата на Птолемеј се пренесени во делото на античкиот историчар Аријан (Lucius Flavius Arrianus). Тој бил старогрчки историчар од Никомедеја и живеел од околу 86 до по 146 година. Практично Аријан живеел во римско време. Денес се зачувани неколку негови дела од кои најпозната е Биографијата за Александар Велики Македонски позната како „*Александровата анабаза*“(*Anabasis of Alexander*). Ова дело денес мнозина го сметаат за најверодостојна историја за Александар, токму поради фактот што во него се инкорпорирани делови од историјата што ја напишал Птолемеј.

Проф. Феликс Јакоби, по деталната анализа што ја направил на „*Александровата анабаза*“ јасно ги лоцирал оние делови што Аријан ги пренел од Птолемеј. Практично за овие делови може да се каже дека претставуваат извадоци од самата Биографија на Александар што ја напишал Птолемеј.

Во Првата книга Аријан пренесува извадоци од записите на Птолемеј во врска со борбите на Александар Велики Македонски против Трибалите. Имено, пред да ја нападне Персија, Александар превзел поход на север кон реката Дунав со цел да ги обезбеди северните граници на својата империја. Притоа тој дошол во судир со Трибалите. Пренесувајќи извадоци од книгата напишана од Птолемеј, Аријан, пишува:

Трибалите... откако го почувствуваа ефектот од проектилите тргнаа напред за да се судрат со лесно вооружените македонски стрелци, но Александар... му нареди на Филота да го нападне нивното десно крило кое се наоѓаше на нивното чело, со коњица од Горна Македонија.

И понатаму:

Трибалите се држеа додека борбата се водеше од дистанца, но откако ја почувствуваа тежината на напредувањето на македонската пешадија во збиени редови и коњаницата, наместо да продолжат да ги гаѓаат, тие практично беа потиснати од жесток јуриш низ целото поле... Три илјади од нив беа убиени, а само неколку преживеаја бидејќи шумата долж речниот брег беше многу густа, па немаше доволно дневна светлина за да можат Македонците до крај да ја завршат работата. Според Птолемеј, Македонците загубиле единаесет луѓе од коњаницата и околу четириесет од пешадијата.

Токму деталниот опис на овие операции, недвосмислено укажува дека овој пасус Аријан го превзел директно од делото на Птолемеј, што впрочем на крајот и самиот го пишува.

Следниот фрагмент што проф. Јакоби го детектирал кај Аријан како извадок од Биографиата на Александар што ја напишал Птолемеј, се однесува на борбата меѓу Македонците и Грците од Теба, кои кренале востание против македонската власт. Во врска со ова кај Аријан (цит. дело, стр. 57-59) читаме:

Птолемеј синот на Лаг, во своите забелешки ги опишува операците со кои Пердика, кој како офицер задолжен за гардата бил испратен со сопствената

единица недалеку од непријателскиот бедем, го започнал нападот на сопствена иницијатива, без да чека наредба од Александар.

Потоа следува детален опис на борбите што се случиле. Македонскиот генерал Пердика ја пробил првата одбранбена линија, но кај втората бил тешко ранет, по што бил вратен во својата база, но сепак преживеал. Потоа на помош на неговите војници стигнале александровите стрелци, но Тебанците пружиле жесток отпор по што „...*Македонците почнале да отстапуваат*“. Притоа загинале седумдесет македонски стрелци. Потоа читаме дека ова предизвикало револт кај Александар, кој во борба ја вклучил и пешадијата (фалангата). Ова предизвикало паника кај Тебанците кои се повлекле кон градските ѕидини. Во врска со ова читаме:

Настапила толкава паника што тие не успеале на време да ги затворат градските порти зад себе, па како резултат на тоа, припадници на Македонската војска, кои им се наоѓале зад петиците, во општата збрка, влегле заедно со нив во внатрешноста на ѕидините...

И понатаму:

За кратко време Тебанската војска... била нападната од сите страни од Македонците...

Потоа читаме за масакрот што следувал врз Тебанците. Но Аријан пишува дека нив најмногу би убивале македонските сојузници Фокијци и Платеанци:

Она што следувало (масакрот врз Грците Тебанци, з.м.) *не било толку направено од Македонците, колку што било од Фокијците и Платеанците, како и од*

останатите луѓе од беотиските градови, кои во жарот на борбата, ги масакрирале Тебанците.

Записите од Птолемеј доаѓаат до израз и кај описот на битката кај Ис, во кој Македонците им нанеле голем пораз на Персијанците. Во врска со исходот на оваа битка, читаме:

Птолемеј, синот на Лаг, кој му служел на Александар во тоа време, во своите забелешки во врска со битката, вели дека Македонците во бркањето на Дарие буквално поминале низ долина која била полна со тела на убиени Персијанци. (Аријан, цит. дело, стр. 121).

И овде коментар не е потребен. Јасно е дека и овој фрагмент претставува извадок од историјата напишана од Птолемеј.

Познат е настанот кога Александар по заробувањето на мајката, жената и децата на Дариј, ги третирал нив со највисоки почести. Аријан пишува дека и описот на овој настан тој го превзел од записите на Птолемеј, но и од оние на Аристобул (за кого ќе пишуваме во продолжение). Овде читаме дека откако Александар по битката кај Ис, се шетал низ логорот, од еден шатор слушнал женски плач. Прашал што е работата и му било одговорено дека тоа се мајката и жената на Дарие, кои биле заробени и кои го оплакувале Дарие, мислејќи дека е убиен, бидејќи го виделе неговото лично вооружување. Александар тогаш го испратил својот придружник Леонат за да им каже дека Дарие е жив и дека побегнал, оставајќи си го личното вооружување за да може полесно да избега. Истовремено Александар ги известил дека тие ќе бидат и натаму кралски третирани затоа што тој не војувал

против Дарие заради лична нетрпеливост, туку заради легитимното право да има превласт над Азија. На крајот од овој опис Аријан пишува:

Овој опис на настанот е даден од Птолемеј и од Аристобул.

Значи и ова претставува сегмент преземен од загубената историја на Птолемеј.

Аријан спомнува извадок од записите на Птолемеј и Аристобул и кога пишува за маршот на Македонската војска, предводена од Александар, кон храмот на Амон во Египет. Овде читаме:

Според Птолемеј синот на Лаг, две змии ја воделе војската, кои с'скале додека се движеле. Александар им рекол на неговите водичи да веруваат на ова провидение и да ги следат. Постои и поедноставна верзија на овој настан, раскажана од Аристобул, според која водичи на Александар биле два гаврана, кои летале пред војската. (Аријан, цит. дело, стр. 152).

Аријан го превзел од Птолемеј и Аристобул и описот за настанот за заговор против Александар од страна на Филота. Во врска со ова Аријан пишува:

Овде Александар разбра за заговорот на Филота против неговиот живот. Според Птолемеј и Аристобул информации за она што се случува стигнале до неговите уши уште од претходно, додека бил во Египет, но тој одбил да верува во нив, бидејќи Филота долго време му бил доверлив пријател... (Аријан, цит. дело стр. 191).

Аријан се повикува на пишувањата на Птолемеј и Аристобул и во описот на прогонот и фаќањето на персискиот сатрап Бес, како и во борбите за

освојувањето на градот Киропол (Аријан...стр. 198 и 205).

Битката помеѓу Македонците и Индијците предводени од принцот Пор, Аријан ја опишува исто така и врз основа на загубената историја од Птолемеј. Овде читаме:

Некои писатели пишуваат дека имало борба непосредно по пристигнувањето помеѓу коњаницата на Александар и индиските сили предводени од синот на Пор, кој се наоѓал таму подготвен да им се спротивстави со голема војска и дека во текот на борбата тој го ранил Александар и со силен удар го убил неговиот сакан коњ Букефал.

Птолемеј синот на Лаг, дава поинакви податоци, кои јас лично ги прифаќам. Според него Пор, како што пишуваат и останатите автори, не го испратил својот син само со шеесет борбени коли, туку... тој водел со себе две илјади војници планинари и 120 борбени коли кога стигнале на брегот на реката, но Александар бил побрз од него и тие веќе го завршиле преминувањето од островот." (Аријан, цит. дело, стр. 283).

Потоа следи опис на борбата во кој се вели дека загинале 400 Индијци, меѓу кои и самиот син на Пор, а не дека тој го ранил Александар.

Аријан децидно го спомнува Птолемеј како извор за својата историја и кога спомнува некои географско-етнографски поими од Азија:

Акесин е единствената индиска река, чии димензии ги спомнува Птолемеј синот на Лаг.

Птолемеј во својата загубена историја го запишал и говорот што Александар Велики Македонски го одржал

пред своите офицери кога тие, на барање од војниците, одлучиле да не го следат натаму во конечното освојување на Индија и посакале да се вратат во своите домови. Меѓутоа, никој од нив отпрвин не се осмелувал да му го соопшти тоа. Александар сфатил што се случува, ги повикал на состанок своите офицери и им се обратил со зборовите:

"*О Македонци и грчки сојузници забележувам дека кога би ве повел во нови потфати нема веќе да ме следите со стариот дух.. Ве повикав на состанок за да донесеме заедничка одлука: дали ќе продолжиме натаму како што посакувам јас или ќе се вратиме назад како што посакувате вие.*

Ако имате какви било забелешки во врска со резултатите од вашите досегашни залагања или во врска со мене како ваш командант, нема што повеќе да се каже. Но, дозволете ми да ве потсетам. Преку вашата смелост и издржливост вие станавте господари на: Јонија, Хелеспонт, Фригија, Кападокија, Пафлагонија, Лидија, Карија, Ликија, Памфилија, Феникија и Египет. Грчкиот дел од Либија сега е ваш, заедно со дел од Арабија, долна Сирија, Персија и Медија со сите територии кои порано биле или не биле под нивна власт. Сето тоа сега е во ваши раце. Вие сега сте господари на земјите зад Касписките врати, зад Кавказ и Танаис, како и на Бактрија, Хирканија и Хирканиското Море. Ние ги избркавме Скитите назад во пустината, а реките Инд и Хидасп, Акесин и Хидраот сега течат низ земја која е наша. По сите овие достигнувања зошто се двоумите сега да ја проширите моќта на Македонија, т. е. вашата

моќ кон Хифас и племињата што живеат од другата страна?

И понатаму:

Ако се вратите сега, таму ќе останат многу воинствени племиња непокорени помеѓу Хифас и источниот океан... Ако се повлечеме сега постои опасност на територијата во која што се уште не ни е зацврстена власта да биде поттикнат бунт од некој народ што се уште не сме го покориле. Господа од Македонија и вие мои пријатели и сојузници, ова не смее да се случи.

И понатаму:

О Македонци и грчки сојузници, останете цврсти!... Каква голема и благородна работа ќе остваревме ние, ако мислевме дека е доволно спокојно да живееме во Македонија и само да си ги заштитуваме нашите домови, бранејќи се од обидите да бидеме потчинети од Тракијците на нашите граници, од Илирите и Трибалите или можеби од оние Грци кои сакаат да го загрозат нашиот конфор. (Аријан, цит. дело).

Во овој говор на Александар, зачуван од загубената историја на Птолемеј, многу јасно се гледа дека самиот македонски цар правел разлики меѓу Македонците и Грците како два посебни народа. Тој овде не само што одвоено им се обраќа со „*Македонци и грчки сојузници*“, туку и децидно објаснува дека Македонците во Македонија можеле да бидат загрозени од своите соседи: Илири, Тракијци, Трибали и - Грци!

Во продолжение читаме дека по овој негов говор офицерите долго молчеле, а потоа еден од нив, по име Коен, собрал храброст и му се обратил. Коен му рекол

на Александар дека офицерите се преблагодарни и задоволни од она што досега го постигнале и добиле од својот цар, но дека сепак дошло време да се стави крај на натамошните напредувања. Меѓу другото Коен рекол:

Вие го знаете бројот на Грците и Македонците кои го почнаа ова освојување, а можете да видите и самиот колку останаа денес. Тесалијците ги испративте дома од Бактрија бидејќи знаевте дека нивните срца не се повеќе внесени во својата работа. Овде вие мудро постапивте. Другите Грци беа населени во новите градови што ги основавте во кои тие останаа не сосема по своја желба. Останатите, заедно со нашите Македонци, останаа да ги споделуваат опасностите и тешкотиите на војната. Некои од нив беа убиени, а некои онеспособени поради тешките ранувања, при што беа оставени во разни делови на Азија, каде мнозина од нив умреа поради болест. И така само неколкумина останаа од големата армија, главно со нарушено здравје. Нивната виталност и решителност исчезнаа. Секој од нив сака да си ги види родителите повторно ако се уште се живи или своите жена и деца. Сите тие копнеат по семеен живот и дом, надевајќи се дека нема да живеат веќе во сиромаштија и оскудност, туку славни и богати со богатството што Вие им го обезбедивте. Не обидувајте се да водите луѓе кои немаат веќе волја да Ве следат. Ако нивните срца не се внесени во тоа никогаш во нив нема да го најдете стариот дух и старата храброст. Поарно посветете се на враќање кај Вашата мајка и дом.... А потоа, ако посакате, повторно можете да превземете експеди-

ција против Индијците на исток или, ако сакате, кон Црното Море или кон Картагина и либиските територии. Ваше е да одлучите. Други единици Грци и Македонци ќе Ве следат - млади и свежи единици ќе ги заменат Вашите ветерани.

Коен на крајот укажал дека секој треба да знае кога да запре со некоја работа. Присутните офицери му аплаудирале, а Александар разочаран им рекол дека оној што сака, може да си оди дома. Потоа, како што е познато, Александар налутен се повлекол во својот шатор потајно надевајќи се дека офицерите ќе се предомислат. Но, откако тоа не се случило, тој ги известил офицерите дека одлучил војската да престане со освојувањата и да се врати назад.

Во врска со ова Аријан (цит. дело) пишува:

Потоа тој се повлекол во својот шатор и до крајот на денот, како и следните два дена одбил да прима посетители, дури и од редовите на своите најблиски придружници. Тој се надевал дека некои команданти, како од редовите на неговите Македонци, така и од редовите на грчките сојузници, можеби ќе се предомислат и ќе бидат поддготвени да го слушаат ... Меѓутоа тишината и натаму остана да владее.

Во продолжение Аријан јасно пишува дека и овој настан го презел од изгубената историја на Птолемеј (Аријан, цит. дело, стр. 292 - 298).

Она што е важно е фактот дека и во говорот на офицерот Коен сосема јасно се издвоени Македонците од Грците, т.е. тие се спомнати како два различни народа (...*Вие го знаете бројот на* ***Грците и Македонците*** *кои го почнаа ова освојување...* и

...*Други единици* ***Македонци и Грци*** *ќе Ве следат...*). Јасно е дека и Птолемеј така ги третирал во својата Историја, која била основа за Биографијата на Александар напишана од Аријан.

Во продолжение Аријан потенцира дека главен извор за неговата историја за Александар е делото на Птолемеј. Кога пишува за поаѓањето на Македонската војска по реката Инд, Аријан вели:

Според Птолемеј синот на Лаг, ***кој е мој главен авторитет,*** *речната флота се состоела од осумдесет галии, додека вкупниот број пловила од сите видови, вклучително и транспортерите за коњи, лесни галии и други речни кајаци... бил околу 2.000.* (Аријан, цит. дело, стр. 303).

Ваквото тврдење јасно укажува на фактот дека Македонецот Птолемеј ги сметал Македонците и Грците како два одделни народа, а како такви ги третирал и Аријан, кој црпел од неговото дело како од свој главен историски извор.

Аријан се повикува на Птолемеј и кога пишува за ранувањето на Александар во една борба со Индијците:

Самиот Александар бил погоден со стрела која го пробила неговиот корсет и влегла во неговото тело над градата. Птолемеј ни раскажува дека крвта од раната била измешана со воздухот што излегувал од неговото прободено белодробно крило. (Аријан, цит. дело, стр. 314).

Во продолжение Аријан пишува дека самиот Птолемеј запишал дека тој лично не присуствувал на ранувањето на Александар (бидејќи бил зафатен со други обврски во близина), што значи дека описот на овој настан му бил даден недолго потоа.

Аријан пишува дека историјата на Птолемеј, но и онаа на Аристобул, завршиле со смртта на Александар.

Се разбира дека и други антички автори пишувале за Птолемеј како историчар. Професорот Феликс Јакоби во својата збирка на фраменти од стари ракописи, педантно ги издвоил сите автори што во антиката пишувале за историчарот Птолемеј.

Така, на пример, римскиот писател Плиние Постариот (23 - 79 год.) во своето дело „*Историја на природата*“ (*Naturalis Historia*), напишано околу 77 година по Христа, во Првата книга (12.13) меѓу другите историчари, ги спомнува: *Птолемеј Лагов* и *Марсија Македонецот* (*Ptolemao Lagi, Marsya Macedone*).

Најпознатот географ во антиката Страбо (64 пред Христа - 24 по Христа), исто така се повикува на изгубената историја на Птолемеј. Во својата „Географија“(Седма книга, 8), Страбо опишува една анегдота поврзана со Александар и Келтите, која се случила за време на експедицијата во која Александар ги стабилизирал границите на Македонската империја на север пред да почне со освојувањето на Азија. Овде читаме:

Птолемеј синот на Лаг, вели дека за време на оваа експедиција, Келтите кои живееле околу Адриатикот му се придружиле на Александар со намера да воспостават пријателство со него. Кралот нив љубезно ги примил и додека пиеле, ги прашал од што најмногу се плашат, мислејќи дека тие ќе кажат дека се плашат од него, но тие му одговориле дека не се плашат од никого, освен од небото кое можело да падне врз нив.

И оваа анегдота останала зачувана од загубената Историја на Птолемеј.

Делото на Птолемеј е цитирано како извор и во Биографијата за Александар Велики Македонски напишана од Плутарх во I век по Христа.

Птолемеј е спомнат и во „Равенската космографија", составена околу 700 год. по Христа од непознат автор. Ова географско дело содржи податоци за топоними од речиси целиот тогашен познат свет. Загубената историја на Птолемеј (која, како што спомнавме, содржела и податоци од географијата) овде е спомната во Првата и во Четвртата книга, каде читаме за "*Птолемеј, кралот на Египет, кој бил македонски филозоф*".

Во Збирката на проф. Феликс Јакоби е спомнат и Стефан Византиј, кој исто така во своите записи од областа на географијата се повикува на податоци од изгубената историја на Птолемеј.

Изгубената историја на Птолемеј е цитирана и од старогрчкиот свештеник Синесиј (Synesius), кој живеел во Либија и Александарија од 373 до 414 година.

Меѓутоа латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф во својата Биографија за Александар Македонски (Книга 9, 5) на едно место наведува податоци кои говорат за сомнеж во веродостојноста на дел од пишувањата на Птолемеј. Тој пишува дека авторите Клитарх и Тимоген сведочеле дека Птолемеј не учествувал во битката против Индијците во која бил ранет Александар, но дека потоа самиот во својата „Историја" запишал дека учествувал за да не си ја намали славата за себе пред идните генерации.

Се разбира дека ова не ја доведува во прашање веродостојноста на записите на Птолемеј затоа што, како прво, никој денес не може да утврди дали тој и навистина учествувал во таа битка или не, а како второ тој бил еден од најдоверливите генерали на Александар кој, дури и да не учествувал во некои битки, секако дела бил добро информиран за тоа што се случувало. И не случајно мнозина други антички автори се повикуваат токму на неговото дело. Сосема е можно тој себеси да се глорифицирал во некои делови од својата книга (што, впрочем, авторите го прават и денес), но нема сомнение во веродостојноста на најголемиот дел од неговите сведоштва, кои се потврдени и од други автори и археолошки истражувања.

Така, на пример, Аријан запишал дека делата на Птолемеј и Аристобул биле неговиот најверодостоен извор за животот на Александар Велики Македонски:

Аристобул и Птолемеј се најверодостојните писатели за оваа тема бидејќи вториов учествувал во походите на Александар, а подоцна... и самиот станал крал. Повеќе од срамота за еден крал е ако тој лаже". (Аријан, цит. дело, стр. 41).

Нејасно е кога и како се загубила „Историјата" напишана од Птолемеј. Во Збирката на проф. Јакоби видовме дека се зачувани фраменти од неа, пренесени од други автори. Но, не се знае кога оваа „Историја" трајно исчезнала. Ова е чудно, затоа што Птолемеј бил крал на Египет, кој сакал да се истакнува како личност, па сигурно дека на неговото дело постоеле голем број преписи носени низ разни делови од тогашниот свет. Многу постари ракописи од неговиот денес се зачувани, па во најмала рака е чудно зошто од ова дело не

останал ниту еден примерок. Сигурно дека сите копии не изгореле во пожарот во Библиотеката во Александрија (што се случил во I век пред Христа), затоа што од неговата „Историја“ црпеле антички, па дури и средновековни атори, кои живееле со векови по пожарот во Библиотеката. Дали во некоја скриена архива сепак постои копија од оваа Историја, останува во доменот на шпекулаците.

Инаку, кај Птолемеј било силно изразена македонската етничка припадност за што сведочи познатиот старогрчки географ, патеписец и историчар Павсанија (II век по Христа).Во своето дело "Описот на Грција" (книга VI, 3,1) Павсанија нуди доказ за тоа на колку високо ниво била македонската етничка свест кај Птолемеј. Овде читаме:

„*Во близина на Дамиск има статуа од некого, чие име не ми го кажаа, но тоа е Птолемеј синот на Лаг, кој ја приложил оваа статуа. Во натписот на неа Птолемеј себеси се нарекува Македонец, иако тогаш бил крал на Египет*.“ (Pausanias, *Description of Greece,* 6,3,1).

АРИСТОБУЛ (IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Аристобул е уште еден Македонец, кој ја имал привилегијата лично да се познава со Александар Велики Македонски, го придружувал во неговите најславни походи и врз основа на тоа напишал „Историја“ за она што тогаш се случувало. Меѓутоа и за него постојат малку податоци, неговото дело не е сочувано, освен што е цитирано од подоцнежните автори, а пред сè од Аријан.

Поради фактот што Аристобул не е спомнат како директен учесник во борбите се смета дека тој бил воен инженер или некој друг вид службеник. Познато е дека Александар му наредил да го реставрира гробот на дамнешниот персиски цар Кир Велики за време на нивниот престој во Персија, кој гроб бил оштетен од крадци. Податоци за ова ни дава Аријан, кој пишува:

Аристобул ни раскажува дека тој лично добил наредба од Александар да го реставрира споменикот во првобитната состојба. (Аријан... стр. 346).

Римскиот историчар Лукијан смета дека Аристобул почнал да ја пишува својата „Историја“ за време на походот во Индија.

Од оние неколку фрагменти што се сочувани од неговата „Историја“ се гледа дека тој го обожавал Александар бидејќи пишувал само во позитивна смисла за него. Тој дури ги оправдувал и неколкуте погрешни потези на Александар, како што било убиството на неговот близок пријател Клит, кое Александар го извршил во пијана состојба. Аристобул запишал дека самиот Клит бил виновен за тоа. Има и други вакви примери.

Аристобул извесно време живеел во Александрија, а потоа се вратил во Македонија и починал во Касандреа по 301 година пред Христа.

Аријан децидно пишува кои делови во својата историја ги превзел од делото на Аристобул (некои од нив веќе спомнавме во поглавието за Птолемеј). Покрај спомнатите делови, Аријан од Аристобул ги превзел и описите за: маршот на Александар во Египет кон храмот на Амон, делови од описот на битката кај Гавгамела, описи на некои азиски планини и пустини, опис на заговорот против Александар од припадници на неговата војска, па дури и објаснување на некои навики што ги имал Александар, како што е наклоноста кон пиењето вино и сл. Аристобул запишал податок и за именувањето на еден остров во реката Еуфрат од страна на Александар. Во врска со ова Аријан пишува:

Тој беше информиран за постоењето на два острова на устието на Еуфрат... Аристобул пишува дека Александар наредил едниот остров да се вика Икар, според егејскиот остров со истото име. (Аријан, цит. дело, стр. 383).

Аријан, врз основа на делото на македонскиот историчар Аристобул, ја опишал и битката на една македонска единица против Скитите, во која голем број Македонци загинале:

Пишувањето на Аристобул во врска со оваа катастрофа е поинакво. Според него најголем дел од македонските војници биле фатени и убиени во заседа. Скитите се маскирале во една шума и ненадејно ги нападнале Македонците... Тоа се случило во моментот кога на Фарнук му било понудено да ја предаде својата команда на македонските офицери кои

биле испратени со него во експедицијата на терен, бидејќи тој ги игнорирал воените тактики, а бил испратен од Александар не за да командува врз единиците во борба, туку за да воспостави врски со домородците, додека другите, за разлика од него, беа вистински родени Македонци и придружници на кралот. (Аријан, цит. дело, стр. 210).

Да го објасниме овој цитат. Фарнук бил Ликиец и бил еден од ретките не-Македонци кои биле поставени на високи позиции во Македонската војска. Тој бил испратен во Согдијана за да се бори против Скитите, но се покажал како лош командант. Под негова директна команда се наоѓале тројца македонски офицери, кои одбиле да ги слушаат неговите наредби, не само заради неговото лошо командување, туку и затоа што биле „*вистински родени Македонци и придружници на кралот“,* што значи дека тие знаеле оти кралот има доверба во нив и нивните одлуки да му се спротивстават на непособниот командант од Ликија. Нивниот бунт против Фарнук се случил во мигот кога тој требало да преговара со Скитите, но тој како да го одбегнувал тоа.

И овде гледаме дека македонскиот историчар Аристобул (преку пренесеното пишување на Аријан) јасно ги издвоил Македонците во однос на припадниците на останатите народи од кои се состоела војската на Александар Велики Македонски.

Аристобул оставил податоци и за најблиските соработници на Александар. И овие податоци ги пренесува Аријан (цит. дело стр. 343). Овде читаме:

Според авторитетот на Аристобул, додека бил во Карманија, Александар принел жртва во знак на

благодарност на небесата за неговото освојување на Индија и за избавувањето на неговата војска од пустината во Гердосија и организирал фестивал со натпревари во атлетика и уметност. Тој го промовирал Певкест за член на својата лична гарда и одлучил да го прогласи за гувернер на Персија... Се дотогаш личната гарда на Александар се состоела од седуммина: Леонат, синот на Анте; Хефастион, синот на Аминтор; Лизимах, синот на Агатокле, Аристон, синот на Писе (сите четворица од Пела); Пердика, синот на Оронт од Орестија; Птолемеј, синот на Лаг и Пито, синот на Крате од Еордаја.

Од овој извадок пренесен од загубената „Историја“ на Аристобул, гледаме дека најблиското опкружување на Александар било составено исклучиво од етнички Македонци.

Од делото на Аристобул останал зачуван и настанот кога Александар го пронашол гробот на дамнешниот персиски цар Кир Велики, кој бил разрушен и ограбен. Тогаш Александар му наредил на Аристобул да го реставрира.

Од Аристобул останале зачувани фрагменти за описот на последните денови на Александар. Во врска со ова, кај Аријан читаме:

Крајот на Александар забрзано наближувал. Уште едно навестување за она што набргу ќе се случи е спомнато од Аристобул. Додека кралот бил зафатен со соединувањето на различните македонски единици кои дошле од Персија со Певкест и од брегот со Филоксен и Менандер, наеднаш ожеднел и станал од местото каде што седел, оставајќи го кралскиот трон празен. Од секоја страна на тронот имало каучи

со сребрени ногарки, на кои седеле придружниците, но во тој миг и тие станале и заминале со својот крал, така што само еден стражар евнух бил оставен кај тронот. Тогаш некој негов близок, а некои велат дека бил затвореник кој служел на отворено, кога видел дека тронот и каучите се празни, поминал крај евнухот и седнал на тронот. Евнухот, според некој персиски обичај, не го тргнал од престолот, туку почнал да си ги кине алиштата и да се удира во градите небаре нешто страшно се случило. На Александар веднаш му било кажано за ова и тој наредил човекот да биде испрашан за да се дознае дали тоа го направил како дел од некоја завера. Меѓутоа, сè што дознале од него е дека тој тоа го направил инстинктивно. (Аријан, цит. дело стр. 390 - 391).

Уште една интересна случка е пренесена од Аристобул. Се работи настан што се случил за време на враќањето на Александар од Индија. Во врска со ова Аријан пишува:

Во делото на Аристобул се среќава и следниот настан поврзан со Аполодор од Амфипол. Аполодор бил еден од придружниците на Александар и бил блиско поврзан со него. Тој командувал со војската што била оставена со Мазевс, гувернерот на Вавилон... Тој напишал писмо на својот брат Питагора, пророк кој ги кажувал своите пророштва врз основа на она што го гледал во утробите на животните што биле жртвувани.

Во продолжение читаме дека Аполодор го замолил својот брат преку писмо да „гледа“ за две личности - за Хефастион и за самиот крал Александар. Питагора

одговорил дека и на двајцата им се пишува лошо бидејќи црниот дроб на животните што ги жртвувал за нив, не бил заоблен. Кога го прочитал писмото од својот брат, Аполодор отворено му кажал за ова пророштво на Александар. Во продолжение читаме:

"Александар му се заблагодарил и кога стигнал во Вавилон го прашал Питагора за природата на предупредувачкиот знак за кој му пишал на својот брат во писмото.

- Црниот дроб на жртвата - одговорил тој - не беше заоблен.

- Што претскажува тој знак? - прашал Александар.

- Нешто многу сериозно.

Во продолжение читаме дека Александар не му се налутил на пророкот, туку му искажал почит за отвореноста. Аријан вели:

Аристобул пишува дека овој настан му бил раскажан лично од Питагора. (Аријан, цит. дело, стр. 378 - 379).

Описот на овој настан е важен поради фактот што гледаме дека Аристобул ја пишувал својата „Историја" за Александар, пренесувајќи информации директно од луѓето што го познавале големиот цар, меѓу кои бил и самиот тој.

Од изгубената „Историја" на Аристобул податоци пренесувал и Плутарх во својата ширум позната Биографија за Александар Велики Македонски.

Опишувајќи ја финансиската состојба на Александар пред нападот на Азија, Плутарх пишува:

Аристобул вели дека тој немал поголем фонд од седумдесет таленти за нивна плата.

Од овој извадок пренесен од Аристобул гледаме со колку мал фонд Александар го почнал азискиот поход, за да на крајот заврши како еден од најбогатите цареви на сте времиња.

Плутарх се повикува на изгубената „Историја“ на Аристобул и во описот на битката кај реката Граник (првата поголема битка против Персијанците), како и во описот на Барсина (вдовица на Мемнон - Грк кој се борел на страната на Персијанците), која подоцна станала една од жените на Александар (подетално во: Плутарх, *Александар Македонски*, Скопје, 1994 год.).

И за „Историјата“ на Аристобул може да се каже исто како и за онаа на Птолемеј. Напишана била од автор кој бил директен учесник и сведок на опишаните настани, подоцнежните автори црпеле од неа, но денес, поради нејасни причини, од неа не е зачуван ниту еден примерок.

ЛЕОН ОД ПЕЛА (IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Извадоци од делото на историчарот Леон од Пела се заведени под број 659 во Збирката на проф. Феликс Јакоби. И за неговиот живот не останале многу податоци, но неговото дело останало цитирано од подоцнежните антички и средновековни автори.

Познат е насловот само на една негова книга, која била посветена на египетските богови и се викала „*За боговите во Египет*". Поради тоа, тој останал регистриран од некои подоцнежни автори и како „Леон Египјанецот". Инаку тој бил роден во Пела и бил современик на Александар Трети Велики Македонски, но не учествувал во неговите походи. Подоцнежните автори пишуваат дека бил близок со Олимпија (мајката на Александар), која му покажала некое опширно писмо што таа го добила од Александар во кое детално биле опишани египетските богови. Врз основа на податоците од тоа писмо, Леон ја напишал својата книга. Во неа тој застапувал смела теза според која тогашните божества имале човечки карактеристики.

Според истражувањата на проф. Феликс Јакоби, македонскиот историчар Леон е спомнат од страна на ранохристијанскиот писател Татјан (II век по Христа). Во своето дело „*Обраќање кон Грците*" (27), во кое го напаѓа празноверието на античките Грци, а ги критикува и за други работи, Татјан ги спомнува „*коментарите на Леон".*

И ранохристијанскиот писател Арнобиј исто така го спомнал македонскиот историчар Леон. Во своето дело "*Adversus nationes*" (Liber IV, 29) Арнобиј се повикува на пишувањето на „*Леон од Пела*".

Проф. Феликс Јакоби наведува и други автори кои се повикувале на пишувањето на Леон од Пела.

Така, на пример, Свети Климент Александриски запишал:

Леон, кој пишувал за египетските божества вели дека Изида од страна на Грците била нарекувана Кера, која живеела во времето на Линеј во 11-та генерација по Мојсие. (Clement of Alexandria: "*The Stormata"* 1,11).

Ранохристијанскиот автор Тертулијан (160 - 225) го спомнува писмото од Александар и „*Леон Египјанецот*", кој напишал книга врз основа на него (Tertullian: "*De Paplio"* и "*De corona"*).

Сепак најмногу информации за суштината на книгата на Леон од Пела понудил познатиот ранохристијански филозоф Свети Августин (354 - 430 год.). Во свето дело „*Божјиот град* (*De Civitate Dei*) во петтата книга, тој пишува за „...*записите што Александар Македонски ги напишал до својата мајка..."* Притоа тој го спомнува и Леон. Во дванаесеттата книга (10 поглавие) Свети Августин пишува во врска со временскиот период на постоењето на човештвото, па вели:

... *Да го цитирам само она писмо што Александар Велики го напишал на својата мајка Олимпија во кое ги претставил раскажувањата што ги добил од еден египетски свештеник, кој му ги пренел од нивните свети архиви и во кои биле спомнати кралства кои исто така се спомнати и од грчките историчари. Во ова писмо периодот од 5000 години наназад е поврзан со кралството на Асирците, додека во грчката историја, само 1300 години се бројат од владеењето на самиот Бел, за кого и Грците и Египјаните се*

согласуваат дека бил прв крал на Асирија. Потоа на империите на Персијанците и Македонците овој Египјанец припишал над 8000 години, броејќи до времето на Александар со кого лично разговарал; додека меѓу Грците, само 485 години им се припишуваат на Македонците сѐ до смртта на Александар и 233 години на Персијанците, броејќи до крајот на неговото завладување.

Иако во овој пасус (и во продолжение на текстот) Свети Августин ги споредува записите од старогрчките и староегипетските историчари, недвосмислено се наметнуваат интересни заклучоци.

Како прво, од страна на староегипетскиот свештеник на Александар Велики Македонски му било соопштено дека во старите египетски записи империите на Персијанците и на Македонците биле над 8.000 години стари, а не како што било запишано од подоцнежните антички историчари (Херодот и други), кои од настанокот на Македонската империја, па сѐ до времето на Александар Велики Македонски, пресметале само 485 години.

Како второ, Свети Августин, повикувајќи се на пренесените пишувања на староегипетските и на старогрчките историчари, во горенаведениот пасус, јасно прави разлика меѓу Македонците и Грците во антиката, па затоа овде ги спомнува како одделни народи (заедно со Египјаните, Персијанците и Асирците).

Поради фактот што горенаведениот пасус Свети Августин го запишал врз основа на содржината на историската книга напишана од Леон од Пела (за кој рековме дека била основана врз писмото напишано од

Александар Велики Македонски до својата мајка Олимпија), сосема е јасно и дека самиот Александар Велики Македонски, но и македонскиот историчар Леон од Пела, исто така децидно ги сметале Македонците за посебен народ во однос на Грците.

Но, пишувањето на Леон од Пела има и една друга димензија. Таа исто така е спомната во „*Божјиот Град*“ од Свети Августин. Всушност Свети Августин овде полемизира и ги критикува многубошците (паганите) поради тоа што, наместо да му служат на единствениот Бог, тие служеле на измислени „божества“ кои имале човечки карактеристики, а некои од нив, дури и навистина биле обични луѓе. Во полза на своите тврдења Свети Августин се повикува токму на книгата на македонскиот историчар Леон од Пела. Во осмата книга од ова дело (27 поглавие) Свети Августин пишува:

Оние што ќе го прочитаат и можат да го прочитаат писмото од Александар до неговата мајка Олимпија, во кое тој раскажува работи што му биле откриени од свештеник... ќе видат дека... божицата Изида, која била жена на Озирис и нејзините двајца родители, според овие пишувања, биле луѓе од кралско потекло.

Нам денес овие полемики можеби ни изгледаат чудни, но во тоа време, на почетоците на христијанството, ова биле сериозни расправии и од нивниот исход во многу зависела иднината на човештвото од цивилизациски аспект. Жолчни биле полемиките помеѓу многубошците (оние кои верувале во Зевс, Атина, Озирис, Јупитер и други) и христијаните кои верувале во вистинкиот, еден и единствен Бог.

Леон од Пела, иако живеел далеку пред појавата на христијанството, уште во своето време посочил на негативните елементи во паганизмот, пред сè укажувајќи на човечката димензија во тогашните божества, со што автоматски ја довел во прашање самата нивна „божественост“. Ваквото негово смело пишување подоцна гледаме дека обилно било користено од страна на ранохристијанските писатели и филозофи.

Иако својата книга ја напишал врз основа на обемното писмо од Александар Велики Македонски, јасно е дека тој не направил само обичен препис на податоците од тоа писмо, туку во книгата внел и сопствени толкувања, пред сè за човековата природа на тогашните божества.

Поради тоа што бил доверлива личност на Олимпија, можеме да заклучиме дека имал благородничко потекло. Впрочем, сигурно дека не случајно таа му го доверила писмото од Александар Велики Македонски. Можеби близината со Олимпија му помогнала и да не биде прогонуван од страна на паганските свештеници, кои индиректно ги критикувал.

Што се однесува до самото писмо од нашиот славен цар, гледаме дека негови преписи имало зачувано и во првите векови по Христа. Кога и зошто исчезнале преписите на ова писмо, не е познато, но од деловите што останале прераскажани, очигледно е дека во ова писмо Александар, а подоцна и Леон, правеле јасни разлики помеѓу Македонците и Грците.

Леон од Пела е спомнат и од страна на авторот Аполониј од Родос (Apoll. Rhod. 4,257).

АНТИПАТЕР (IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Во пошироката јавност е малку познато дека со пишување историја се занимавал и македонскиот генерал Антипатер. Како историчар, тој бил заведен под бројот 114 во Збирката на Проф. Феликс Јакоби.

Во Лексиконот "Суда" (алфа, 2703) јасно е посочено дека Антипатер оставил најмалку една историска книга напишана од него. Овде читаме:

Антипатер. Син на Јола од Палиура во Македонија, генерал на Филип Втори, а потоа и на Александар Велики. Бил наследник на кралството и ученик на Аристотел. Тој оставил збирка писма во две книги и една историја, посветена на походот на Пердика во Илирија. Потоа служел како регент на синот на Александар по име Хераклe... Живеел 77 години и оставил син и наследник по име Касандар, кој ја убил Олимпја, мајката на Александар.

Се зборува дека кога Атињаните му ја предале Атина на Антипатер Македонецот, демагозите кои ги терале Атињаните да се бунтуваат, се уплашиле дека вината ќе биде фрлена врз нив, па побегнале. Атињаните во отсуство ги осудиле на смрт. Меѓу нив биле и говорникот Демостен и Хиперид.

Антипатер се родил отприлика околу 397 година пред Христа. Во 342 година пр. Хр. од страна на Филип Втори Македонски бил поставен за привремен владетел на Македонија за време од три години додека Филип бил отсутен поради воениот поход против Тракијците и Скитите. Во 342 година пр. Хр. Антипатер испратил војска против Атињаните кои се обиделе да

воспостават контрола над евбејските градови каде имало про-македонска власт.

По битката кај Херонеја, во која Македонците им нанеле катастрофален пораз на Грците, Антипатер бил поставен за амбасадор во потчинетата Атина, каде останал од 337 до 336 год. пр. Хр.

По смртта на Филип Втори, Антипатер станал доверлив советник на Александар Трети Велики Македонски. По навлегувањето на Александар во Азија (334 год. пр. Хр.), Антипатер пак бил оставен како привремен владетел на Македонија и "генерал за Европа". Во времето додека Македонците ја освојувале Азија, тој ја одржувал превласта на Македонија на Балканот. Притоа ги поразил Спартанците кои кренале бунт против македонската власт на Пелопонез и кои за таа цел собрале дваесетилјадна војска. Но, оваа грчка војска била поразена од Македонците предводени од Антипатер. По смртта на Александар Велики Македонски, новиот формален регент Пердика, му ја оставил на Антипатер контролата над Македонија и грчките територии. Грците повторно кренале востанија, но и тие биле задушени. Потоа и самиот Антипатер учествувал во меѓусебните борби на александровите генерали за превласт над делови од империјата, по што останал да владее со Македонија и територииите јужно од неа. Починал во 319 година пред Христа и бил заменет со својот син Касандар.

Што се однесува до Антипатер како историчар, веќе спомнавме дека постојат записи за постоење збирка писма во две книги и една историска книга за дејноста на Пердика во Илирија.

За жал, од сето ова денес не е зачувано ништо, освен сведоштвото за нивното постоење. Не е прецизирано ниту кои биле автори на тие писма и кој временски период го опфаќале.

Што се однесува до неговата пишана историја за походот на Пердика против Илирите, тој настан се случил во V век пред Христа. Се работи за време кога македонската држава била релативно слаба и водела чести војни со своите соседи. Имено, од 452 до 413 година пр. Хр. со Македонија владеел Пердика Втори. Тој бил еден од синовите на Александар Први. Пред неговото доаѓање на власт некои од македонските племиња покажале склоност кон осамостојување во однос на централната власт. Самиот Пердика водел борба со своите браќа околу престолот. Прво успеал да го елиминира законскиот наследник (и најстар син на нивниот татко Александар) по име Алкета, а потоа водел борба и против својот брат Филип, кој имал поддршка од Атина и од елимејскиот крал Дерда. Атињаните испратиле војска составена од илјада "хоплити" и триесет воени бродови против Пердика, но кога ја опсадиле Пидна, биле нападнати од Коринт поради што склучиле мир со Пердика. Меѓутоа Пердика го прекршил овој мировен договор и во тогашната војна помеѓу Спарта и Атина (позната како Пелопонеска војна), испратил воена помош за Спарта. Тоа било во 429 година пред Христа. Поради ова, сојузникот на Атина тракискиот крал Ситалк извршил напад врз Македонија, откако Атињаните му ветиле воена помош. Но, оваа помош не стигнала, а Пердика успеал да го смири Ситалк со тоа што ја омажил својата сестра за негов близок роднина. По ова Пердика склучил сојуз со

Спарта и во 424 година му помогнал на спартанскиот војсководец Брасид да го превземе Амфипол од Атињаните. За возврат Спартанците му ветиле на Пердика помош да ги зацврсти границите на Македонија. Тие заедно со него ја нападнале пограничната македонска област Линкестида (која тогаш самостојно егзистирала). Но, на Линкестида и пружиле помош Илирите, па воениот поход не успеал. Токму овој воен поход во детаљи бил опишан во книгата на Антипатер, стотина години подоцна, секако врз основа на пишани документи од времето на самиот воен поход. За жал и оваа вредна книга од македонската историја останала загубена.

КРАТЕР МАКЕДОНЕЦОТ (III ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Извадоци од делата на Кратер Македонецот (Kraterus the Macedonian) се заведени под бројот 342 во Збирката на проф. Феликс Јакоби (FGRH, 342). За жал и за овој античко-македонски историчар има малку податоци. Само се знае дека живеел во III век пред Христа и дека бил брат на македонскиот крал Антигон Гонат, од што може релативно точно да се лоцира времето во кое живеел.

Главната дејност на Кратер била собирањето декрети и тоа главно на територијата на денешна Грција. Оваа негова дејност е спомната од неколку антички автори, кои проф. Феликс Јакоби уредно ги регистрирал.

Така, на пример, античкиот автор Полукс го спомнува „*Кратер... кој собирал декрети“*.

Плутарх во биографијата за Кимон (13,5), напишана во втората половина на I век по Христа, исто така го спомнува Кратер и „*декретите што тој ги собирал*“.

За географската област во која дејствувал Кратер, податоци ни дава античкиот автор Аристид, кој во своето дело „*За Платон, на Четирите”* (*For Plato, on the Four*, 46, 217 - 218), пишува:

Имало некој Кратер кој собирал декрети напишани во Грција.

Од ова гледаме дека Кратер (барем според својата основна дејност) главно делувал и живеел на територијата на денешна Грција.

Што се однесува до неговото етничко потекло, податоци повторно дава Плутарх, кој во биографијата за Аристид (26, 1-4), спомнувајќи ја неговата практика

да собира декрети, јасно го нарекува „*Кратер Македонецот”.*

Проф. Јакоби пишува дека за македонското етничко потекло на Кратер пишува и Атенај од Наукрат (II век по Христа). Тој пишува дека извесен Алексин компонирал песна посветена на Кратер. Овде читаме:

Исто така постои песна посветена на Кратер Македонецот, компонирана од Алексин... Таа била пеена во Делфи од момче, кое свирело на лира. (Athenaios 15, 52 п. 696 EF).

Античкиот автор Флегон (кој исто така живеел во II век по Христа) пишува дека Кратер бил брат на македонскиот крал Антигон Гонат. Тој запишал многу интересен податок што во своите дела го оставил Кратер. Овој податок се однесувал на некоја ретка болест на предвремено стареење. Флегон пишува:

Кратер, братот на крал Антигон, вели дека познавал човек кој во период од седум години, од момче станал младич, а потоа возрасен човек и старец. Умрел откако претходно се оженил и направил дете.(*Phlegon Peri Thaumasion 32*).

Средновековниот писател Стефан Византиј (XII век) исто така пишува за Кратер. Пишувајќи за карискиот град Дорос, тој пишува:

Во Карија исто така има град што се вика Дорос, што Кратер го има вклучено во списокот кариски градови во третата книга ‚Декрети'.(*Stephanos of Byzantium, Ethnika*).

Стефан Византиј и на други места во своето дело „*Етника*“ ја спомнува третата книга „*Декрети*“ од Кратер и малоазиските градови за кои тој пишувал.

Историчарот Харпократ (II век по Христа) пренесува цитат од неколку реченици од делото „*Декрети*“ од Кратер и тоа од четвртата книга. Овде Кратер опишува некој стар атински декрет од V век пред Христа посветен на судењето морнари (*Harpokration Lexicon in decem oratores Atticos, Suda*). Поради ова, проф. Феликс Јакоби заклучува дека четвртата книга на Кратер се однесувала на периодот кога во Атина владеел Перикле (495 - 425 год. пред Христа) затоа што тогаш постоел таков закон.

Харпократ (цит. дело) пишувал и во врска со деветтата книга на делото „*Декрети*“, каде читаме:

Во Деветата книга ‚Декрети' Кратер вели дека градот Нумфајон им плаќал на Атињаните еден талент данок.

Харпократ пишува дека во оваа книга Кратер спомнал некој Андрон, кој напишал декрет посветен на ораторот Антифон.

Деветтата книга од Кратер ја спомнува и Стефан Византт (цит. дело), кој пишува дека на територијата на Персија постоела територија Артаја со град Артајон и дека за овој град пишувал „*Кратер во деветтата книга Декрети".* Стефан Византт пишува дека во оваа книга Кратер го спомнал и градот Лепсиманд во Карија.

Во Биографијата за атинскиот војсководец и оратор Аристид (530 - 468 год. пред Христа), Плутарх дава податоци според кои постоеле разни верзии за неговата смрт и дека една од нив била запишана од „*КратерМакедонецот*“. Овде читаме:

Некои велат дека Аристид умрел во Понт, каде што отпловил поради некоја државна работа, додека други велат дека починал во Атина како старец,

почитуван и обожаван од своите сограѓани. Но Кратер Македонецот за неговата смрт ја дава следнава изјава: „По егзилот на Темистокле... Аристид бил обвинет за заговор според обвинение од Диофант од Амфитроп, според кое тој добил пари од Јонците додека им наплатувал данок“.

Во продолжение Кратер напишал дека Аристид починал близу Јонија. Плутарх вели дека ваквото толкување на Кратер за смртта на Аристид не било поткрепено со пишани документи.

Во биографијата на Кимон (13, 4) Плутарх пишува дека Кратер поседувал примерок од мировниот договор наречен „Мирот на Калијас“ од 449 год. пред Христа потпишан меѓу Атињаните и Персијанците со кој завршила нивната меѓусебна војна. Кратер поседувал примероци и од други важни историски декрети и документи. Еден од нив бил и декретот донесен од власта во Атина (околу V век пред Христа) против извесен поет Дијагора затоа што отворено проповедал атеизам. Според овој декрет секој што ќе го отепал Дијагора ќе добиел еден талент награда, а доколку некој успеал да го фати жив, ќе добиел два таленти награда*(Schopia ad Aristophanem Ranae, 320).*

Кратер имал собрано и други стари документи од најразличен карактер, меѓу кои имало и смртни пресуди.

Што може да се заклучи за животот и делото на Кратер? Очигледно тој бил вреден собирач на историски документи во своето време. Својата дејност ја вршел главно во Атина и на останатите хеленски територии. Оставил дело чиј оригинален наслов не е познат, но според античките автори кои го цитирале се спомнува под името „Декрети“. Се спомнуваат најмалку

девет книги од ова дело, кои очигледно биле хронолошки подредени. Забележлив е и респектот на подоцнежните антички историчари кон Кратер, кои го цитирале како доверлив и сериозен извор. Според тоа што на неговото дело се повикува и средновековниот византиски писател Стефан Визант, може да се претпостави дека копии од делото „Декрети“ биле сочувани и до средината на Средниот век. Кога и како исчезнало ова дело, тоа не е познато, но факт е дека со неговата загуба, останале незачувани многу вредни документи од антиката, почнувајќи од важни мировни договори, па се до локални закони.

Факт е дека Кратер самиот себе се декларирал како Македонец. Тој останал запометен кај подоцнежните антички автори како „Кратер Македонецот“. Бидејќи никој од авторите што го цитираат не го познавал лично, јасно е дека Кратер самиот се декларирал како Македонец во своето дело.

Ова го заклучува и самиот професор Јакоби, кој во својот коментар за делото на Кратер, пишува:

Античките автори го знаеле Кратер како „'Македондецот“ и „собирачот на декрети“... Освен неговата националност малку се знае за идентитетт на Кратер Македонецот.

Веќе спомнавме дека тој бил брат (според некои автори полубрат) на македонскиот крал Антигон Гонат (иако има современи автори кои се сомневаат во ова). За да сфатиме барем приближно во какви услови живеел и дејствувал Кратер, ќе направиме кратк осврт кон владеењето на Антигон Гонат, т.е. кон условите во кои тогаш се наоѓала Македонија. Овој македонски крал се родил околу 319 година пред Христа. Бил син на

Димитрија Први, што значи дека бил роден внук на генералот Антигон, кој му служел на Александар Велики Македонски. Како млад и самиот учествувал во постојаните борби што неговиот татко Димитрија Први ги водел против своите ривали и соседи. Во 279 година пред Христа Македонија била нападната од Галите, но во 277 година, Антигон Втори успеал да ги порази со што станал претендент на македонскиот престол. Во 275 година пред Христа епирскиот крал Пир со помош на галски платеници нападнал и освоил дел од горна Македонија, но подоцна тргнал во напад на Пелопонез, што било искористено од Антигон да ја избрка неговата војска од Македонија. Потоа борбата меѓу двата крала се префрлила на Пелопонез. Во една битка Пир бил убиен, по што неговата војска се предала и целоно се ставила под команда на Антигон Втори Гонат. Во 267 година пред Христа атињаните и спартанците кренале востание против македонската власт на Антигон Втори, но во 263 година пред Христа биле целосно поразени. Подоцна Грците кренале уште едно востание против Македонците, предводено од извесен Аратус, но исто така биле поразени. Антигон Втори Гонат бил успешен крал. Починал во 239 година пр. Христа.

Од ова гледаме дека Кратер работел во едно немирно време, во кое сепак на Балканот и натаму доминирала македонската превласт. Можеби затоа на Кратер не му било тешко во Атина (која во негово време се наоѓала под македонска власт), како отворено декларириан Македонец, да дојде во посед на важни документи од историјата на атињаните (историски мировни договори, закони од нивните славни слободни времиња и сл.).

ПТОЛЕМЕЈ ОСМИ (II ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Како античко-македонски историчар фигурира уште еден крал на Египет од македонската династија на Птолемеите, а тоа е Птолемеј Осми Евергет. И за неговите дела постојат податоци (па дури се зачувани и неколку цитати).

Птолемеј Осми се родил во 182 година пред Христа, а починал на 26 јуни 116 година пред Христа. Бил син на Птолемеј Петти. Физички бил дебел човек.

Во 170 година пред Христа кралот на македонската династија Селевкиди Антиох Четвртиго нападнал Египет, каде владеела македонската династија на Птолемеите. Египет бил освоен, а кралот Птолемеј Шести, бил одведен како заложник. По ова Птолемеј Осми (брат на Птолемеј Шести) бил избран за формален крал на Египет. Всушност тој тогаш владеел како марионета на поразениот Египет. По заминувањето на Антиох Четврти во 169 година пред Христа, Птолемеј Осми владеел со Египет заедно со својот брат Птолемеј Шести и со својата сестра Клеопатра Втора. Нивното заедничко владеење било полно со интриги, па во 164 година пред Христа Птолемеј Шести заминал за Рим (тогашна велесила) за да бара поддршка за себе. Во 163 год. пред Христа, двајцата браќа се договориле да го поделат владеењето при што Птолемеј Осми владеел со Киренајка. Сепак меѓусебното непријателство продолжило. Во 145 година пред Христа Птолемеј Шести починал, а Птолемеј Осми останал да владее заедно со својата сестра Клеопатра Втора. Но и ова владеење било исполнето со интриги и непријателства,

па следната 144 година пр. Хр. Птолемеј Осми останал да владее самостојно. Тој бил суров владетел и ги прогонувал сите што му опонирале. Се оженил за ќерката на својата сестра, по име Клеопара Трета. Поради неговото лошо владеење, граѓаните на Александрија се побуниле и ја запалиле кралската палата. Птолемеј, Клеопатра Трета и нивните деца побегнале на Кипар, а во Александрија неговата сестра Клеопатра Втора го прогласила својот дванаесетгодишен син за крал. Заради тоа избувнала војна помеѓу нејзините и поддржувачите на Птолемеј Осми. Во меѓусебниот судир бил убиен синот на Клеопатра Втора. Таа го повикала на помош кралот Димитрија Втори од династијата на Селевкидите, нудејќи му го египетскиот трон, но тој не успеал да стигне навреме. Поради тоа, во 124 година пред Христа, Клеопатра Втора побегнала во Сирија кај Димитрија Втори. Меѓутоа, недолго потоа пак се вратила во Египет, а Птолемеј Осми се обидел да ги подобри односите со династијата на Селевкидите. Во 118 година пред Христа добил амнестија од страна на Селевкидите, а починал во 116 година пред Христа. Бил наследен од својата сопруга Клеопатра Трета. Во нивниот брак се родиле два сина (Птолемеј Деветти и Птолемеј Десетти Александар) и три ќерки (Клеопатра Четврта, Клеопатра Трифена и Клеопатра Селена).

Птолемеј Осми

Извадоците од записите на Птолемеј Осми се заведени под бројот 234 во Збирката на проф. Феликс Јакоби. Овие извадоци всушност претставуваат цитати или пренесени содржини најмногу од страна на античкиот писател Атенај од Наукрат.Во своето познато дело „*Вечера на боговите*“ (“*Deipnosophistes”*) Атенај пренесува цитати од делото на Птолемеј Осми. Во врска со образованието на Птолемеј Осми, Атенај пишува:

Птолемеј Евергет, кралот на Египет, бил еден од студентите на писателот Атистарх. (*Deipnosophistes* 2,71).

Се работи за Аристарх под островот Самотраки, кој бил тутор на Птолемеите. Тој бил задолжен и за Александриската библиотека. Меѓутоа, иако го образовал Птолемеј Осми, тој во 145 година пред Христа, го избркал Аристарх од Александрија, кој недолго потоа починал на Кипар.

Атенај (14.654) неколку пати го спомнал и насловот на книгата на Птолемеј Осми, кој на јазикот коине се викала „*Hipomnemata*" („*Коментари"*) и содржела 24 делови (книги). Денес не е зачуван ниту еден цитат од по Дванаесеттата книга. Од неколкуте зачувани фрагменти претставени од страна на проф. Феликс Јакоби, со сигурност може да се претпостави дека содржината на „*Коментари"* била најразлична - од описи на историски настани, патеписи, обичаи, анегдоти, па сè до описи на видови од животинскиот свет.

Атенај (*Deipn.* 2.71) пренесува цитат од „*Коментари*" на Птолемеј Осми, посветен на некои видови риби. Овде читаме:

Птолемеј Евергет, кралот на Египет бил еден од студентите на писателот Аристарх и во Втората книга на своите „Коментари", тој го пишува следното: ‚Околу Береника во Либија постои извор што се вика Летон во кој живеат рибите лабракс и крисофрис, како и многу јагули од 'кралски вид', кои се за еден и пол пат поголеми од оние во Македонија и во езерото Коп. Во неговиот внатрешен тек има полно големи риби од разни видови'.

Градот Береника се наоѓал на територијата на денешниот град Бенгази во Либија. Овој град бил изграден од страна на Птолемеј Трети во чест на неговата жена Береника Втора.

Рибата *лабракс* била спомната уште од Аристотел.

Интересно е тоа што Птолемеј Осми прави споредба помеѓу јагулите во Либија и оние во Македонија. Останува да се претпоставува дали тој престојувал во земјата на своите предци или за

македонските јагули читал од делата на Аристотел и на други постари автори. Како и да е, сигурно дека не случајно тој направил споредба токму со македонските јагули.

Атенај пренесува и други извадоци од делото на Птолемеј Осми во кои тој пишува за теми од биологијата. Така, на пример, тој спомнува дека неговиот предок Птолемеј Втори увезол фазани од Медија и ги вкрстил со тамошни птици од што произлегле птици вкусни за јадење (*Deipn.* 14.654). Овде Атенај спомнува и дека делото „*Коментари*“ на Птолемеј Осми се состоело од 24 книги. Фазаните Птолемеј Осми ги нарекувал *тетари*.

Содржината на Третата книга од делото „*Коментари*“ на Птолемеј Осми се претпоставува дека главно се состоела од анегдоти поврзани со познати личности од тие времиња. Атенај (*Deipn.* 10.438) цитира дел од оваа книга при што спомнува анегдота посветена на Антиох Четврти Епифан (владетел од династијата на Селевкидите). Овде читаме:

Кралот Антиох исто така бил тежок пијаница. Тој бил наречен Епифан и бил однесен за заложник од страна на Римјаните, како што забележува Птолемеј Евергет во Третата и во Петтата книга на своите „Коментари“, велејќи дека откако се свртел кон индискиот начин на пиење,овој крал потрошил големи средства... Понекогаш стоел на улиците и велел: ‚Да видиме кому ќе му се насмевне среќата.' Тогаш фрлал пари и си заминувал... Се капел во јавни бањи и бил намирисан со парфеми. Еден човек еднаш му рекол: ‚Вие сте благословен кралу бидејќи мирисате скапо.' Кралот му одговорил: ‚Сега и ти ќе

бидеш'. Тогаш наредил две шишиња со концентриран парфем да бидат истурени врз главата на тој човек, така што и најизвалканите луѓе во бањата го заобиколувале поради тоа што му било истурено, додека кралот Антиох се превиткувал од смеење, а се смееле и останатите во бањата.

Птолемеј Осми оставил записи и за своите предци:

Вториот крал на Египет, наречен Филаделф, имал многу љубовници, вклучително и Дидима која била локална жена, позната по својата убавина. Други биле Белистиче, Агатоклеја и Стратоника... и многу други бидејќи тој имал слабост кон љубовта.

Овде само ќе додадеме дека имињата Белистиче и Стратонијкасе стари античко-македонски женски имиња, што значи дека имињата од македонскиот ономастикон останале во употреба и во птолемејскиот Египет.

Седмата книга од делото *„Коментари“* се однесувала на описи од географијата. Во врска со ова Атенај (*Deipn.* 2.43) пишува:

Кралот Птолемеј во Седмата книга од „Коментари” вели: ‚Приоѓајќи кон Коринт се искачивме на таканаречената Контопореја, каде што имаше извор со вода, постудена и од снег'. Мнозина не сакале да се напијат, мислејќи дека ќе замрзнат, но тој вели дека се напил.

Во Осмата книга имало содржини и во врска со некои обичаи од околите народи. Опишувајќи еден банкет кај соседниот нумидиски (либиски) крал Масиниса (238 - 148 год. пред Христа), Птолемеј Осми запишал :

Оброците беа сервирани во римски стил и беа послужени во секакви садови од сребро. Помошните

маси исто така беа декорирани во италијански стил. Сите кошнички беа од злато. (*Deipn.* 6.229).

За Птолемеј Осми се знае и дека бил пагански свештеник (поточно свештеник на Аполон). Тој самиот опишал мал дел од церемонијата во Кирена на која бил поставен за таков (*Deipn.* 12.549).

Од малиот фрагмент зачуван од оригиналниот запис на Деветтата книга од „*Коментари*“ на Птолемеј Осми, може да се претпостави дека оваа книга била посветена и на неговите патеписи. Така овде тој ја спомнува својата посета на Асос, каде му била подарена некоја млада свиња, каква што дотогаш немал видено (*Deipn*. 9.375).

Делото „*Коментари*“ на Птолемеј Осми веројатно било зачувано и во VI век по Христа. Доказ за ова е ранохристијанскиот писател Стефан Византиј, кој во своите пишувања, исто така се повикува на ова дело кога пишува за потеклото на киликискиот град Анхиала.

На крајот да заклучиме дека Птолемеј Осми (иако живеел во бурни и несигурни времиња полни со интриги) сепак наоѓал време за пишување. Неговите „*Коментари*“ изобилувале со најразлични теми и навистина е штета што ниту ова дело од атичко-македонски историчар, не е сочувано (со исклучок на неколкуте мали фрагменти претставени од проф. Феликс Јакоби).

ФИЛИП ОД АМФИПОЛ

Овој историчар е заведен под број 280 во Збирката на проф. Феликс Јакоби. За него не се знае речиси ништо. Во лексиконот „Суда“ (фи, 351) читаме:

Филип од Амфипол. Историчар. Тој напишал Историја за Родос во 19 книги, која е една од најлошите; Историја на Кос во две книги; Историја на Тасос и други дела.

Името на „*Филип од Амфипол*“ е спомнато и од доцноантичкиот автор Присцијан (во Збирката на проф. Феликс Јакоби овој цитат е заведен под:Priscian. *Pep. мед. 2, 11 p. 133*). Но, ниту Присцијан не дава никакви податоци за него. И од овој македонски историчар не е зачувано ниту едно дело, а не се знае ниту времето во кое живеел.

КРИТОН ОД ПИЕРИЈА

За овој историчар единствено постои запис во „*Суда“*, каде читаме:

“*Критон од Пиерија (Пиерија е град во Македонија). Тој напишал историја за Палена, за основањето на Сиракуза, историја на Персија, Историја на Сицилија, Опис на Сиракуза и на Империјата на Македонците*”.(„*Суда“*, Капа, 2453, цит. дело).

МАРСИЈА ОД ПЕЛА

Марсија од Пела бил познат македонски историчар. Во Лексиконот „*Суда*“ има објавено кратки податоци за Марсија, каде меѓу другото, пишува дека тој бил „*брат на Антигон, кој подоцна станал крал*“ („*Суда“*, My, 227). Некои истражувачи сметаат дека дека тој всушност бил полубрат на Антигон Први (околу 382 - 301 година пред Христа).

Во „*Речникот на грчки и римски биографии и митологија*“ од Вилијам Смит (William Smith: “A Dictionary of Greek and Roman Biography and Mythology”. London. John Murray, 1873) во врска со овој македонски историчар читаме:

Марсија, син на Периандер, родум од Пела во Македонија, бил современик на Александар со кого, според Суда, заедно се школувал... Негово главно дело било ‚Историја на Македонија' во десет книги, почнувајќи од најраните времиња, преку војната на Александар во Азија, па сè до враќањето на монархот во Сирија, по освојувањето на Египет и основањето на Александрија. Тој бил постојано цитиран од Атенај, Плутарх, Харпократион и други автори...

Интересен осврт кон делото на Марсија е објавен во „*Речникот на историјата на идеите*“ (“*The Dictionary of the History of Ideas*”, Electronic Text Center; PO Box 400148; Charlottesville VA; Maintained by: Electronic Text Centeratthe University of Virginia Library, © 2003). Овде читаме:

“*... Помеѓу историчарите кои пишувале за Александар имало и еден Македонец аристократ, кој се*

викал Марсија од Пела и бил припадник на една од најстарите и најблагороднички семејства. Тој пишувал за царот од сосема поинаков аспект. Покрај неговата Историја за Александар, тој исто така напишал и Историја на Македонија, која почнувала од митолошкиот период. Денес не е зачувано многу од неговата работа, но од она што го имаме се гледа дека Марсија ги припишувал неверојатните достигнувања на царот, не толку на неговата лична генијалност, колку на карактерот на Македонскиот народ. Неговото дело било најтемелната патриотска историја од тоа време."

Античкиот историчар Диодор Сицилијанецот запишал дека Марсија, од страна на македонскиот крал Димитрија Полиоркет (337 – 283 год. пред Христа), кој бил син на Антигон Први, т.е. бил внук од син на Марсија, бил назначен за командант на една воена поморска единица во македонската флота во битката кај Саламина на Кипар која се одиграла во 306 година пред Христа против војската на Птолемеите (македонска династија која владеела со Египет и некои околни земји). Притоа Диодор го спомнува Марсија како човек „*кој ја напишал историјата на Македонија*" (Diodor, XX, 50).

За делото на Марсија се знае дека било напишано во десет книги. Опишаните настани почнувале уште најраните времиња, потоа ја опфаќале војната на Александар во Азија, како и освојувањето на Египет и основањето на Александрија. Марсија бил цитиран од подоцнежните автори: Атенај, Плутарх, Харпократион, Гнеј Помпеј Трог и Јустин. Сепак, неговото дело денес не е зачувано.

ПАТРОКЛЕ (IV И III ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Патрокле е единствениот познат антично-македонски географ. И неговите дела не се зачувани, но од она што од нив е пренесено (главно од страна на најпознатиот антички географ Страбо) се знае дека Патрокле главно давал описи на земјите околу средна Азија. Во книгата "*A Dictionary of Greek and Roman Biography and Mythology*" (W. Smith, London. John Murray, 1873, наслов: Patrocles), во врска со македонскиот географ Патрокле читаме:

Патрокле бил македонски генерал во служба на Селевк Први, кралот на Сирија, од кого бил назначен за командант на Вавилон непосредно откако го освоил овој град околу 312 година пред Христа. По напредувањето на Димитрија, Патрокле не бил во состојба да се соочи со кралот на бојното поле, по што се повлекол зад реката Тигар... Потоа неговото име се појавува како име на еден од пријателите и советниците на Селевк во војната против Димитрија околу 286 година пред Христа и потоа во 280 по смртта на Селевк го среќаваме како доверлива личност на Антиох Први како главен командант на неговата војска и предводник на војната во Азија. Познато е и дека на Патрокле и во времето на Селевк и во времето на Антиох му било доверено владеењето на некои од источните провинции на Сирискатa империја, вклучувајќи ги и оние кои се граничеле со Каспиското Море и кои оттаму се протегале кон границата со Индија. Додека бил на оваа функција изгледа дека се трудел да собере вредни географски информации кои потоа ги објавил,

но иако неговото дело е често цитирано од Страбо, ниту насловот, ниту пак темата на неговиот труд не се никаде спомнати. Меѓутоа јасно е дека во него се вклучени податоци за Индија, како и за земјите околу реката Оксус и Каспиското Море. Страбо го опишува како најверодостоен од сите автори кои пишувале за Индија.

Во продолжение читаме дека, и покрај тоа што дал вредни описи на земјите од средна Азија, Патрокле сметал дека Каспиското Море е залив на Индискиот Океан.

Да го објасниме накратко историскиот контекст во кој дејствувал Патрокле. По смртта на Александар Велики Македонски, познато е дека неговата империја вргу се распаднала. Неколку негови генерали завладеале со делови од оваа империја и се прогласиле себеси за кралеви, а притоа и меѓусебно војувале за тетиротии. Еден од овие генерали бил и спомнатиот Селевк Први (358 – 281 год. пред Христа). Тој завладеал со најголем дел од некогашната Македонска импшерија и тоа со делови од Мала и Средна Азија. Притоа за свој генерал го поставил овде спомнатиот генерал и географ Патрокле. Видовме дека во 312 година пред Христа Патрокле го освоил Вавилон од Антигон Први (друг македонски генерал кој станал владетел на делови од империјата на Александар). Подоцна Патрокле станал советник на Селевк Први во војната против еден друг македонски владетел Димитрија, а по смртта на Селевк, патрокле станал довервлива личност и на синот на Селевк, по име Антиох Први (владеел од 281 – 261 год. пред Христа).

Видовме дека делата од Патрокле не се сочувани, освен извесен број извадоци од нив биле цитирани од страна на најпознатиот антички географ Страбо (кој живеел од 63 година пред Христа до 24 година по Христа). Ова значи дека во првиот век по Христа делата на Патрокле сè уште егзистирале. Кога биле уништени, т.е. кога исчезнале, не е познато, но тој е уште еден античко-македонски автор чии дела се целосно загубени.

МАРСИЈА ОД ФИЛИПИ (III ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

И за овој античко-македонски историчар нема многу податоци. Се знае само дека живеел во III век пред Христа. Неговите дела биле цитирани од Плине и од Атенај, кој запишал дека Марсија од Филипи служел како свештеник на Хераклe. Напишал историја за Македонија („Македоника“) во шест книги, а пишувал и за митологијата. Ниту едно од енговите дела не е сочувано.

ЗОИЛ ОД АМФИПОЛ (III ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Зоил од Амфипол се занимавал со пишување од разни области, а пред сè со реторика, филозофија и граматика. Меѓутоа, напишал и најмалку две историски дела, па затоа неговото име ќе го вклучиме и среде античко-македонските историчари. Во врска со овој автор во „Суда“ (зета, 130), читаме:

Зоил од Амфипол (град во Македонија што порано бил познат под името Енеа Ходои). Тој бил познат под прекарот „Камшикот на Хомер“ затоа што се потсмевал на Хомер поради што луѓето од Олимпија го протерале и го фрлиле од Скиронискиte карпи. Тој бил ретор и филозоф, но исто така напишал и бројни трудови од областа на граматиката меѓу кои: „Против поезијата на Хомер“, девет говори, Историја од раѓањето на боговите до смртта на Филип, три книги, книга за Амфипол, „Против говорникот Исократ“ и многу други книги вклучувајќи и навреди против Хомер.

Зоил од Амфипол накратко е спомнуван и во делата на други антички автори. Еден од нив е Виртувиј (Virtuvius VII) кој запишал дека Зоил ја напуштил Македонија и извесно време престојувал во Александрија (Египет), каде на тамошниот крал Птолемеј Филаделф му рецитирал дела против Хомер.

За Зоил од Амфипол накратко пишувале и други антички автори. За жалниту едно однеговите дела денес не се зачувани.

*

На крајот да заклучиме декаовде наведените античко-македонски историчари сигурно не се и единствените историчари од античко-македонско потекло. Зачудува и фактот што ниту едно дело (било во целост, било во форма на поголеми фрагменти) од ниту еден античко-македонски историчар не останало зачувано до денешно време, иако долго време опстојувале по времето на своето создавање при што биле цитирани од извесен број други антички, но и средовековни автори, благодарение на кои денес знаеме за нивното постоење. Дали еден ден сепак ќе се пронајде некое од делата на античките македонски историчари, останува да покаже времето.

АЛЕКСАНДАР ДОНСКИ е роден во ноември 1960 година во Штип. Потекнува од уметничко семејство. Основно и средно образование завршил во родниот град, а дипломирал на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Скопје на групата Историја на уметноста со археологија. Има објавено голем број написи, авторски документарни радио-емисии и фељтони од областа на фолклорот, историјата и религијата во повеќе македонски и странски списанија и весници. За својата истражувачка дејност добитник е на извесен број награди и признанија. Во 1987 година, како резултат на неговите истражувања во Јапонија, од кои произлезе трудот Јапонскиот печат за Илинденското востание ја доби највисоката тогашна награда на Штип - наградата 8 ноември. Во 1989 година ја објави книгата-зборник Фолклорното богатство на Штип. Во 1993 ја доби стипендијата на Фондот за отворено општество на Џорџ Сорос (ЦЕУ РСС) за истражувачкиот проект Детскиот фолклор во источна Македонија, кој со успех го заврши.Во 1994 година ја објави книгата Натприродни одгласи. Во 1995 година ја објави книгата Што ќе ни се случи по смртта?, книга со сведоштва на македонски граѓани кои преживеале клиничка смрт. Има објавувано и свои кратки раскази во реномирани македонски списанија за литературата, а се занимава и со преводи на литературни дела и есеи од хрватски, српски и бугарски јазик за списанието за уметност СУМ. Во 1996 година ја објави збирката раскази под наслов Морбидни раскази. Еден е од ко-авторите на книгата Македонија - богата и сиромашна земја, која на германски јазик е објавена во Германија во 1997 година. Истата година во Софија на бугарски јазик ја објави брошурата Орисија, посветена на етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите, подготвена и преведена од македонскиот писател во Бугарија -

Славе Македонски. Автор е и на неколку документарнаи радио и ТВ серии, снимени во продукција на Радио Штип и ТВ ИРИС од Штип. Неколку години соработувал и со "Народна волја" (македонски весник од Бугарија) и "Австралиско-македонски неделник" од Мелбурн. Објавува свои текстови и на Интернет. Автор е и на книгите: "Етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите"; "Исус Христос и Македонците", "Уделот на Македонците во светската цивилизација"; "Античко-македонското наследство во денешната македонска нација" (објавена и на англиски); "Денешните потомци на Самуиловата царска династија" (објавена и на англиски со посебен осврт на роднинската врска на цар Самуил со британската кралица Елизабета Втора), "Сведоштва за Илинденскиот период" (во ко-авторство со Атанас Кирјаков, македонски активист од пиринскиот дел на Македонија), "Сите светители од Македонија", "Македонското потекло на некои од американските претседатели", која е објавена и на англиски, "Византиски цареви од македонско потекло", "Денешните потомци на античко-македонската царска династија", како и на романите: "Тајната на Бакарната книга" (која е објавена и на англиски), "Обединувањето на Македонија" и на мистеријата "Американски јасновидец во контакт со духот на Александар Македонски". Автор е и на голем број документарни емисии со истотиска содржина на македонски и на англиски јазик, кои можат да се најдат на неговиот историски канал на You Tube.

СПОНЗОРИ

Оваа книга е отпечатена со помош на средства од:

Македонско литературно друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј
Димче Џајко од Macedon Travel, тел. 9558 9595
Macedon Преведувачка служба, тел. 0425231335
Трајан Цветаноски со сопругата Блага и децата Билјана, Милица и Андрија
Наум Пауноски со семејството
Ангел Коцев со семејството
Ѓорѓи Ристов
Цане и Славица Ристески
Димитар Мојановски со семејството
Димитрија Кукуљовски

Проф. д-р Марија Емилија Кукубајска во спомен и чест на својата ќерка

Емилија Кукубајска (1979 – 2006)

На сите нив авторот им изразува ГОЛЕМА благодарност!